На 72 страници

# магазин за ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

Година 2 Број 4
Јуни 2023 г.
Цена 150 ден.



## МЕГАИНТЕРВЈУ

**ДАРКО ПАНЧЕВ**
Македонска фудбалска легенда

**СПЕКТАКУЛАРЕН НАСТАН ВО РЕЖИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ: ПАНЧЕВ ЕКСКЛУЗИВНО ЗА ПРОМОЦИЈАТА НА ДОКУМЕНТАРНИОТ ФИЛМ „ПАТОТ НА КОБРА ДО ЅВЕЗДИТЕ“**

## ОБРАЗОВАНИЕ

Проф. д-р Аце МИЛЕНКОВСКИ
**Укинувањето на предметите е бришење на историјата и на географијата на нашата татковина**

## ТЕМА

Лука ПАВИЧЕВИЌ
**Високото образование го продолжувам на Харвард**

## ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

Доц. д-р Викторија ТРАЈКОВ
**Во македонската дипломатија владеат непотизам и партизација**

ISSN 2671-3934






**ИМПРЕСУМ**

Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник, м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: Дарко ПАНЧЕВ, **македонска фудбалска легенда** 4



ОБРАЗОВАНИЕ **Проф. д-р МИЛЕНКОВСКИ: Укинувањето на предметите е бришење на историјата и на географијата на Македонија** 10



КОЛУМНА: **Доц. д-р Борче СИБИНОВСКИ** професор на Универзитетот Скопје 20



ЕКОНОМИЈА: **Македонија увезува работници, зошто си одат младите?** 24



МОЈА ОПШТИНА: **Интервју со градоначалникот на Прилеп, Борче Јовчески** 28



РЕПОРТАЖА: **Струмица атрактивна, но недоволно посетена дестинација на југоистокот** 36



ДУРБИН: **Студентите на УТМС во посета на Египет** 44



ТЕМА: **Лука Павичевиќ: Високото образование го продолжувам на Харвард** 50



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Доц. д-р Викторија ТРАЈКОВ:** Во македонската дипломатија владеат непотизам и партизација 58



КОМПАРАЦИЈА: **Летната сезона во Македонија и регионот** 64

ЗПГМ ЗПГМ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ




*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



## М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# ПРОФЕСИОНАЛИЗАМ НАСПРОТИ АМАТЕРИЗАМ

*Многу често слушаме колку е важен професионализмот во која било ситуација, но колку навистина се придржуваме до него? Сите ние од другите бараме професионалност, но колку сме ние самите професионални?*

*Професионалноста не се однесува само на позициите што ги дефинираме како професии што бараат високо образование, туку се однесува за сите професии и квалификации. Професионалноста е како домашно воспитание, но и повеќе од тоа.*

*Во животот, во бизнисот, во пријателството, професионалноста е она што треба да го имаме сите во нас, затоа што само ако си професионален, можеш да успееш. Денеска во животот е важно луѓето да може да се чувствуваат сигурни во вас и да знаат дека она што сте се договориле, ќе биде исполнето и завршено навреме.*

*Настапувајќи професионално, градите доверба кај луѓето, околината може да верува во вас, ќе ве почитува, а со тоа воедно ја градите вашата компетентност.*

*Да се ослободиме од наметнатиот ни конформизам, да бидеме свои и единствени. Зашто, без заедништво нема просперитет. Не смееме да си дозволиме грешки што ќе ни се вратат како бумеранг, не треба да дозволиме самоуништување.*

*Патот до успехот се заемната соработка и професионализмот. Ајде и ние да почнеме да ги применуваме. Барем што се однесува до трите главни столбови: здравството, судството и образованието.*

*Целта без план е само желба. Но, ако се усогласат двете добро, може да имаме долгорочен успех!*

# СПЕКТАКУЛАРЕН НАСТАН ВО РЕЖИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ: ПАНЧЕВ ЕКСКЛУЗИВНО ЗА ПРОМОЦИЈАТА НА ДОКУМЕНТАРНИОТ ФИЛМ „ПАТОТ НА КОБРА ДО ЅВЕЗДИТЕ“

***„Морници ми поминаа кога целата сала на нозе со овации ги поздрави нивните имиња. Беше тоа редок и незаборавен момент. Останавме заедно до раните утрински часови и нормално, утредента им се јавив на Део, Пикси и останатите да ги прашам како патувале и да им се заблагодарам што нѐ почестија со своето присуство. Обајцата како по договор ми возвратија со благодарност за поканата, бидејќи ако не го виделе тоа што го доживеале, никогаш немало да си простат“*, вели во ексклузивно интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, фудбалската легенда Дарко Панчев. За одличната промоција на документарниот филм и целата организација на настанот во хотелот Александар Палас вели дека е заслужен тимот на Универзитетот Скопје, за што е неизмерно благодарен.**



# МЕГАИНТЕРВЈУ

# ДАРКО ПАНЧЕВ,
## фудбалска легенда




**Спектакуларната промоција на документарниот филм ,,Патот на Кобра до ѕвездите“ се случи во април во Скопје, на која дојдоа Вашите поранешни соиграчи и најголемите балкански фудбалски легенди. Сега кога легнаа впечатоците од промоцијата на документарецот, како сте задоволни од начинот на кој помина?**

Времето брзо минува, од промоцијата поминаа речиси два месеци, впечатоците се сè уште живи и морам да признам, преубави. Момент и настан што засекогаш ќе остане врежан во меморијата на големиот број присутни таа вечер во Александар Палас. Бев како ретко кога возбуден и среќен, но,



„По многу години од нашиот заеднички живот во ист град, се сретнавме и сфативме дека имаме слични размислувања по многу животни прашања", вели Дарко Панчев.





за моите емоции не би зборувал премногу. Бев со моето семејство, беа присутни и голем број мои долгогодишни соиграчи, пријатели од секојдневниот живот, во сите изминати години и многу љубители и почитувачи на неговата светост, фудбалот. Одличен филм и многу емоции, што може човек повеќе да посака. Тоа што многу ми значи е видливата возбуда и радост кај гостите од фактот дека беа одново во Скопје, опкружени од нивни навивачи и почитувачи. Морници ми поминаа кога целата сала на нозе со овации ги поздрави нивните имиња. Беше тоа редок и незаборавен момент. Останавме заедно до раните утрински часови и нормално, утредента им се јавив на Део, Пикси и останатите да ги прашам како патувале и да им се заблагодарам што нѐ почестија со нивното присуство. Обајцата како по договор ми возвратија благодарност за поканата, бидејќи ако не го виделе тоа што го доживеале, никогаш немало да си простат.

**Со ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, рековте дека сте растеле во исто маало на иста улица. Како дојде идејата за соработка?**

Видете, и покрај фактот што сме растеле заедно со Аце во Кисела Вода, не можам да кажам дека многу сме се дружеле. Јас многу рано му се посветив на фудбалот, тој пак на други нешта си ги остварувал своите животни соништа. Едноставно, патиштата долги години не ни се вкрстувале, иако живеевме во истиот град. Јас станав фудбалер, тој успешен бизнисмен, професор и политичар, но немавме некои поблиски контакти. Идејата за снимање на филмот не беше моја, туку пристигна од „Спорт клуб", поточно од Сале, Максо и нивните соработници. Ми ја образложија идејата, јас се согласив, и неколку месеци постојано доаѓаа во Скопје. Во меѓувреме, преку заеднички пријател од Радио 90.3 оствaривме контакт со ректорот Аце Миленковски, на кого му се допаднал проектот, па договоривме заедничка средба. По многу години од нашиот заеднички живот во ист град, се сретнавме и сфативме дека имаме слични размислувања по многу животни прашања, и на заедничко задоволство, тој и Универзитетот Скопје се вклучија во реализација на идејата.

**Колку Ви значи поддршката што ја добивте од Универзитетот Скопје?**

Да бидам искрен, без него и неговите соработници, целиот настан ќе беше значително осиромашен. Организацијата на настанот всушност беше негово дело. Сите тие прекрасни мигови и совршена организација немаше да ги доживееме без неговото маестрално осмислување на дружењето

> ***Да бидам искрен, без него и неговите соработници, целиот настан ќе беше значително осиромашен. Организацијата на настанот всушност беше негово дело. Сите тие прекрасни мигови и совршена организација немаше да ги доживееме без неговото маестрално осмислување на дружењето и убаво расположение на повеќе од седумстотини гости. За тоа сум му неизмерно благодарен.***

и убаво расположение на повеќе од седумстотини гости. За тоа сум му неизмерно благодарен.

**На промоцијата дојдоа голем број Ваши соиграчи од шампионската генерација на Црвена ѕвезда и на Вардар. Ви се вратија ли за момент сеќавањата на тие времиња?**

Јас би го променил редоследот, од Вардар и од Ѕвезда. Притоа, сакам посебно и преку вас да им се заблагодарам на моите почитувачи и драги спортски ривали од ФК Партизан. Доаѓањето на Стевановиќ и Богдановиќ, таков пријателски гест можат да укажат само спортисти со голем дигнитет. Затоа беа и големи фудбалери и личности, и тоа посебно ми значи. Требаше да бидат присутни и Просинечки и Бобан, но, имаа неодложни професионални обврски. Ми беше жал што не беа со нас, ни недостигаа, а и тие жалеле особено откако се информирале дека настанот бил прекрасен. Ќе има уште можности, се надевам.

**Дали е можно некоја екипа од овие простори да го повтори успехот на Црвена ѕвезда и да стане европски и светски првак?**

Тоа е хипотетичко прашање и секако дека во иднина дури и тоа е можно. Но, јасно е дека е потребно голема работа, добра селекција, во денешно време и многу пари за да може некој повторно да го направи тој голем успех.

**Дали ако имаше селекторот на поранешна Југославија поголема доверба во вас, Југославија ќе стигнеше подалеку од петтото место на СП во Италија во 1990 година?**

Петтото место е одличен успех. Сепак се работи за Светско првенство, најголемата и најценета претстава во фудбалот. Тогашниот селектор Осим требаше да има повеќе доверба во нас, помладите, и можно е ние да му вратевме со уште подобар успех. Тоа му го покажавме веќе во следните квалификации за Европското првенство ’92, кога ние помладите одигравме извонредно и бевме прва репрезентација што се пласира на Европското првенство. Со тоа му покажавме дека можеби требал да има малку повеќе доверба на Светското првенство. Да напоменам дека јас бев најдобар стрелец во сите 8 квалификациски групи со 10 постигнати гола, а зад мене беа Ванбастен, Папен и некои други.

**Можеше ли да направите нешто повеќе во дресот на македонската репрезентација? Се чини дека настапите за националниот дрес се случуваа кога бевте на залезот на кариерата.**

Нашата генерација беше хендикепирана бидејќи ние почнавме од нула и бевме во многу силна група, и беше можеби неблагодарно одма да се бара од нас да бидеме пред Шпанија, Белгија и Данска, која беше европски првак. Сепак, почнавме добро, но, мислам дека несреќно добиениот



Преполна сала за време на промоцијата на документарецот „Патот на Кобра до ѕвездите“.

црвен картон од моја страна понатаму ги поремети доста работите. Да не беше тоа, можеби ќе постигневме и подобар резултат. Инаку, сметам дека од фудбалски аспект гледано, и имињата кои беа присутни во таа репрезентација на почетокот, веројатно ја прават таа репрезентација најсилна наша репрезентација досега. Понатаму, се направи грешка бидејќи новите луѓе кои дојдоа да го водат Сојузот и новиот селектор се откажаа од сите тие играчи иако можеа сè уште да играат, со образложение дека ќе правеле екипа за 21. век. Но, гледајќи ги резултатите, не испадна така.

**Македонската репрезентација играше првпат на едно големо натпреварување. Можно ли е повторно да играме на ЕП или СП или ова беше само моментален блесок?**

Секако дека направивме голем успех играјќи на Европското првенство, но и играјќи во бараж за Светското првенство. Тоа беа два врзани успеха, и се надевам дека ќе се продолжи така и понатаму.

**Имавте еден неуспешен обид да станете претседател на ФФМ и успешен период во Вардар како директор. Имате ли желба и предизвик да се вратите во фудбалот и на кој начин?**

Бев кандидат за претседател на ФФМ, но, непознавајќи ги состојбите во нашата држава, а и во нашиот фудбал, премногу наивно влегов во таа авантура и заврши како што заврши. Во Вардар бев три пати и работејќи во исклучително тешки услови, сепак секогаш успевав да освојам по некој трофеј и успешно да ја завршиме нашата задача кога е нашиот спортски дел во прашање. Знаејќи ги состојбите кај нас, мислам дека тешко ќе се одлучам повторно да се активирам да работам во фудбалот на кој било начин.

**Вардар влезе во Првата лига. Што му е сега неопходно на клубот за да се врати на старите патеки?**

Добро е за фудбалот што Вардар е таму каде што треба и јас од срце му посакувам да реди само успеси. За тоа што му е потребно на клубот, не би сакал да зборувам, затоа што Вардар го водат доволно паметни луѓе за да знаат што му треба на клубот за да се врати на старите патеки.

**Треба ли државата да даде поголема поддршка за спортот, за да им остави на**



Панчев: „Државата треба да дава поголема поддршка во спортот.

**идните генерации историски капитални проекти?**

Секако дека државата треба да дава поголема поддршка во спортот, а посебно во фудбалот кој е најмногу зависен од финансии. Сметам дека досега во овие 30 години самостојност ниедна влада не најде начин да се посвети доволно на решавањето на проблемите кога е спортот во прашање. Се надевам дека идните генерации на политичари ќе имаат поголем слух и ќе сфатат дека спортот им е потребен и на постарите и на помладите генерации кои живеат во Македонија.




Радован Максимовиќ, директор на „Спорт нетворк“ и регионален претставник на „Спорт клуб“.

**Радован Максимовиќ, директор на „Спорт нетворк“ и регионален претставник на „Спорт клуб“**

Во тек е постпродукција на четирите епизоди кои ќе бидат емитувани на „Спорт клуб“ наесен. Непосредно пред емитувањето на четирите епизоди во Скопје, како најава ќе се пушти филмот што на 24 април имаше премиера во Скопје.

Пред ТВ-премиерата, филмот нема да биде прикажан никаде во регионот, освен можеби на неколку фестивали, како што се фестивалот на спортски филм во Златибор и во Милано. „Спорт клуб“ секогаш ќе работи на вакви проекти со цел да им покаже на младите дека некогаш во Југославија многу подобро се играло фудбал за разлика од денес.




Проф. д-р Аце Миленковски, претседател на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ - Скопје.



**„На македонското образование му треба целосен ресет почнувајќи од високото, потоа средното и, на крај, на основното образование. Тие се тесно поврзани, особено во делот каде што универзитетското образование се однесува на образованието на наставникот. На оваа тема сум зборувал многупати досега и секогаш сум тврдел дека образованието и здравството се столбовите на секое општество. Здраво образование е гаранција за здрав и силен развој на секое општеството. Не можете да реформирате нешто оддолу ако не создадете услови за тоа, а наведениот концепт е токму тоа. Се прави промена со воведување нови предмети за кои нема кадар и нема студиски програми за оспособување таков кадар“**, вели ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент. Според него, спојувањето повеќе предмети во еден е невидена небулоза во образованието, кое со години сè повеќе тоне и колабира.

# МИЛЕНКОВСКИ: СПОЈУВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ Е БРИШЕЊЕ НА ГЕОГРАФИЈАТА И НА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

**Владата не отстапува од воведување на новиот концепт во образованието, според кој е најавено дека ќе има спојување на предметите историја и географија. Како ректор на Универзитетот Скопје, но и како претседател на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје, како го оценувате овој нов концепт што сака актуелната владејачка гарнитура му да го наметне на македонското образование?**

Здружение на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје како субјект во културното, научното и граѓанското делување на македонскиот простор постои речиси девет години. На иницијатива на група професори по географија од Република Македонија, на крајот на 2014 година беше потврдена потребата и воедно поддржана иницијативата за основањето на ова Здружение, сè со цел да ги актуализира проблемите на професорскиот кадар по географија, како и напредокот на географијата во процесот на наставата. Со својот одговорен, организиран и посветен пристап, константно ги зајакнува угледот и влијанието на професорите по географија во целокупното образовно и културно живеење во државата и презема решителни чекори во правец на отворање можности за враќање на географијата на нивото што е соодветно на нејзината улога и значење во општественото.

Денес, никој не може да разбере ниту да се помири со тоа дека се враќаме во минатото, но не само децении, туку векови наназад, токму со оваа концепција во која нема место за географијата и која ни ја пласираат надлежните институции. Тоа што многу доцниме со квалитетна реформа во образованието, не ни дава за право да се реформираме по секоја цена, односно набрзина, без издржан концепт и без сериозна подготовка за негова реализација.

Самата идеја за изготвување нов концепт за сите нивоа на образованието е добра, но начинот и пристапот на кој е изготвен е вештачки, избрзан, нетранспарентен и целосно погрешен, а со тоа не води до поквалитетно образование за кое се залагаме сите. На сите ни е јасно дека концепцијата е нарачана од еден центар, а дека е изготвена од нестручен и некомпетентен тим. Последиците од избрзаното и недоволно подготвеното имплементирање на концепцијата, преку



**Миленковски: „Не смееме да си дозволиме да бидеме учесници во сопственото уништување со кратење на историјата и на географијата во наставата.“**

наставната програма за V одделение, имавме можност да ги воочиме уште на самиот почеток со предметот Историја и општество, за што е јавноста добро информирана. Нерешените дилеми и прашања во однос на концепцијата и целосното игнорирање на мислењето на стручната фела, ни дава за право да се сомневаме дека овој нов концепт е последниот удар на и онака хаотичното македонско образование. Наставните програмите се изготвуваат од година во година, така што сè уште не можеме да знаеме како ќе изгледаат и какви комбинаторики ќе се прават во однос на изборот на теми и модули во новите предмети. Ова е доказ дека деценискaта практика на несериозен пристап во реформирање на нашето образование продолжува, а со оваа концепција само се потврдува дека ниту е пристапено со доволно внимание, доволно време, можност за подготвителен период, ниту, пак, се водело сметка за интересите на учениците, како што милуваат да кажат надлежните. И покрај сите укажувања од наша страна и од страна на стручната фела, за жал, актуелната политика и понатаму го турка и му го наметнува овој штетен концепт на македонскиот образовен систем.

Затоа, ќе се бориме понатамошната реализација на овој концепт целосно да се сопре и да му се пристапи сериозно на реформирањето на образованието, за што сите ќе се сложат дека ни е насушна потреба.

**Во време кога македонскиот идентитет е жестоко нападнат од други држави, дали со овие концепти како држава испраќаме порака дека не ни се важни ниту историјата ниту географијата?**

Во 21 век, кога толку многу им се става акцент на човековите права, да се зборува за оспорување на нечиј идентитет е надвор од секаква логика и разум. За жал, тоа денес ни се случува на нас, Македонците. Повеќе од јасно е дека македонскиот народ, преку присвојување на неговата историја, приграбување на неговата духовна и материјална култура, негирање на македонскиот јазик и неговото постоење, жестоко е нападнат од асимилаторските политики на нашите соседи, особено од страна на нашиот источен сосед, Бугарија, која како членка на Европската Унија би требало да ги почитува принципите на кои е заснована Унијата. Во услови кога во буквална смисла на зборот, постои кражба на македонската национална историја, присвојување или оспорување на важни настани и личности, никако не смееме да си дозволиме да бидеме учесници во сопственото уништување со кратење на

историјата и на географијата во наставата.

Нападот и непризнавањето на македонскиот идентитет, за жал, е потпомогнат од политички фигури во и надвор од земјата кои не ѝ мислат добро на Македонија. Тие своите кариери ги градат на сметка на уништување на македонскиот идентитет и постепено исчезнување на македонскиот народ. Токму со ваквиот концепт за основно образование, се надевам несвесно и ненамерно, се подржуваат тие асимилаторски политики. Преку образованието, полека, но сигурно, се постигнува бришење на колективната меморија, а тоа е најсилната алатка што може да се употреби за исчезнување на еден цел народ. Ќе го наведам примерот со минатиот систем во југословенската федерација, кога нашата генерација воопшто не ги учеше и не ги знаеше делата на големите македонски дејци кои работеле во интерес на создавање на македонска држава. Најочигледен е примерот со Методија Андонов-Ченто. Со создавањето на македонската држава се поправи таа грешката, но јасно е дека денес постои поголема опасност со негирањето на македонскиот идентитет и јазик од страна на Бугарија преку условувањето на започнување на претпристапните преговори со Европската Унија. Со почитување на ветото на Бугарија, и Европа покажа дека не е на нивото и не се потпира на темелите и почитувањето на демократските принципи врз кои е создадена. Со поддршката која ѝ ја дава на Бугарија и со силниот притисок врз нашата татковина, таа ги негира правото на самоопределување на македонскиот народ и фактот дека македонскиот јазик постои во кодифицирана форма, чие официјално признавање како посебен национален јазик е потврдено од страна на Обединетите нации уште во 1977 година. Загрижувачки е колку многу неаргументирани причини се наведуваат во оправдување на преговорите кои задираат во македонскиот идентитет и го уништуваат ова мало парче земја кое е само дел од географската целина Македонија.

На крај, само кратко да одговорам на прашањето. Да, со овој нов концепт, со бришењето на предметите Историја и Географија од наставните програми и со вештачки конструираните предмети, ние само докажуваме како држава дека не ни се важни иднината на нашите деца и на нашата татковина и дека ништо не е свето освен реализирањето штетни пазарџиски договори.

**И покрај тврдењата од власта дека нема ништо спорно во спојувањето на овие предмети, дали е воопшто логично да се спојат во еден предмет општествена и природна наука?**

Надлежните институции се ставени во состојба да бранат нешто што не е одбранливо. Со сите обиди да ја објаснат исправноста на овој концепт, запаѓаат сè подлабоко во неразјаснети и отворени прашања на кои нема одговор. Оваа нова концепција во основното образование беше проект на претходната министерка за образование, која тврдеше дека со неа ќе обезбеди настава ориентирана кон продлабочено учење базирано на критичко мислење и логичко заклучување. Каде е денес истата министерка? Очигледно е дека беше донесена за да спроведе една ваква небулозна образовна и крајно штетна реформа, а потоа на истиот начин да ја снема. И покрај реакциите на јавноста, концепцијата денес е реалност, според која предметот Географија не постои во наставните програми. Постојат географски содржини кои се вештачки вметнати во одредени предмети заедно со содржини од други науки. Сосема е нелогички и не е по никаков докажан европски модел во кој на овој начин се спојуваат содржини како составен дел на издвоени теми од повеќе предмети. Тврдењата на институциите дека нема ништо спорно во спојувањето во еден предмет на една општествена и на една природна наука е сосема неточно. Спорно е

тоа што исчезнува предмет од национален интерес како што е географијата и нејзиниот интегрирачки карактер. Географијата е спој помеѓу природните и социо-економските карактеристики на одреден просторот, а со овој нов концепт целосно се одвојуваат и вештачки се спојуваат во други предмети. Тоа ќе доведе до несогледливи последици како за учениците, така и за наставниците, но и за самиот образовен систем кој одамна го допре дното. Начинот на кој е правена селекцијата на одредени теми од повеќе предмети и спојувањето во еден предмет, јасно покажува дека спојувањето не е никакво интегрирање, туку селективно и нелогично издвојување теми од претходните програми и лепење со други теми избрани на ист начин од други предмети.

Спорно е, на пример, тоа дека во предметот Историја и општество во шесто одделение, во географските содржини во т.н. модул Географија ќе се изучува Ориентација во географскиот простор и  Природно-географски карактеристики на медитеранските земји.  Овој модул никако не може да се најде во предмет чиј наслов е Историја и општество.

Според моите сознанија кои ги добивам од членовите на Здружението, секое објаснување од надлежните се менува од ден на ден. Во почетокот е планирано наставникот по географија да има еден час неделно, како и останатите наставници кои ќе работат по другите модули. Која е тогаш поентата да се спојуваат предмети кога секој ќе има по еден час. Зошто со тој еден час да не останат посебни предмети? Денес слушаме дека секој модул ќе опфаќа посебен период од годината. Тогаш се поставува прашањето што ќе прави наставникот по географија, а и сите останати, додека чекаат да дојде времето за нивниот модул? Не е точно и тоа дека со ова се намалува бројот на часови на учениците, а со тоа и дека се растоваруваат, бидејќи со една лепеза задолжителни и слободни изборни предмети, учениците истото време ќе го поминат во училиште. Исто така, спорни се и стандардите за оценување по предметите кои се спојуваат. Во делот на оценување, каква ќе биде оцената на ученикот кој покажува афинитет кон историја, а помалку кон географија и обратно. Каква е таа средна оцена која на крајот ќе ја добијат учениците по овој предмет?





**Миленковски: „Нам ни е потребен македонски модел со примена на искуства однадвор, но приспособени на нашите образовни потреби и на нашиот општествено-политички и економски развој.“**



По предметот Природни науки, исто така се обработува тема од географијата, а тоа е Вселена и Сончев систем. Но, таму состојбата е таква што оваа материја може да ја предава само еден наставник, кој не мора да биде географ, туку според нормативот – биолог, хемичар, физичар или, пак, наставник со двопредметни студии, како што се математика – хемија, и кој освен за еден дел од материјата што се обработува, воопшто не е подготвен за другата. Затоа, наместо настава базирана на критичко мислење и логичко заклучување, имаме фактографско учење, збунетост на учениците, несигурност кај наставниците и, секако, дополнителна работа на родителите. Како ќе изгледаат програмите за VII, VIII и IX одделение, уште не знаеме, но од досегашното, не се надевам на ништо подобро. Исто така, не само што власта не е подготвена за спроведување сериозна реформа и не само што не е логично спојувањето на предметите, уште понелогично е дека сега сме на крај од месец јуни, а до почетокот на новата учебна година нѐ делат уште 2 месеца. Зарем постои сериозна личност која цени дека за толку краток период некој може да изготви квалитетен учебник по овој предмет? Од искуството досега, сигурен сум дека и во наредната учебна година нема да има учебник за повеќе предмети, особено за овие два кои третираат теми од географијата. Во тој контекст, ќе нагласам дека не е во подобра состојба ниту средното образование, во кое застареноста на учебниците е повеќе од загрижувачка. Но, веќе се навикнавме на уште еден од низата реформски неуспеси во кои нашите ученици, наставниците и родителите се изложени на неуспешни експерименти со децении.

**Дали сте запознаени дека ваков концепт има во образовните програми во другите земји, но и ако има, дали е толку лесно да се аплицира во нашето образование?**

Денес, кога на Македонија ѝ се потребни сериозни образовни реформи, многу ни е важно да се видат практиките на земјите кои претставуваат лидери во спроведувањето стандарди и ефективни образовни трендови. Бевме сведоци, преку медиумите надлежните да ни пласираат тези дека делумно овој модел се темели на финскиот образовен модел како еден од најдобрите во глобални рамки. Потоа се лицитираше и со други модели од европските образовни системи, но никако да разбереме дека нам не ни треба модел од земја која толку многу се разликува од нашата по сите параметри. Треба да знаеме дека ниту еден образовен систем не бил реформиран со усвојување туѓ модел. Секој тоа го прави сам, за своите потреби, со помош на искуства и експерти од целиот свет, но пред сѐ со огромна поддршка од општеството и со издвојување доволно буџетски средства за образование. Нам ни е потребен македонски модел со примена на искуства однадвор, но секако приспособен на нашите образовни потреби и на нашиот општествено-политички и економски развој. Од анализите на наставните планови и програми на земји кои се дел од Европската Унија, како што е примерот на Хрватска и на Словенија, географијата се изучува како посебен предмет во повеќе одделенија. Тоа значи дека концепцијата отстапува од моделите на многу европски држави и не е застапена речиси во ниту една. Ако сме одлучиле да го следиме примерот на развиените земји од Европа, како пример ќе го наведам и образовниот систем на Велика Британија, каде што природните науки се интегрирани, но предметите Историја и Географија се посебни и задолжителни предмети во секое основно училиште во Кралството. Таков е случајот и со Германија, Естонија и Финска, во кои географијата и историјата се задолжителни предмети за сите ученици во основното образование. Со овој нов концепт, не само што учениците нема да станат поспособни за критичко мислење и за логичко заклучување, туку воопшто нема да имаат можност да

размислуваат. И по 30 години неуспешни обиди, треба да извлечеме поука дека и најдобрата реформска идеја од други земји не може да биде успешна ако не се приспособи на нашето општество и ако не се подготвиме за нејзина целосна имплементација.

**Идејата за спојување на предметите наиде на жестоки реакции и од страна на наставниците, историчарите, географите, но и од целата јавност. Дали, според Вас, треба да се повлече целата идеја?**

Каква е таа современа настава и реформирано образование ако бришете предмети од национален интерес, а ги заменувате со дузина изборни предмети кои ќе ги оптоварат учениците? Не се постигнува очекуваниот ефект за растоварување на наставата, а прашање е и колку навистина наставниците ќе имаат можност за избор. Кој географ ќе избере нешто за кое не се образувал и не се надградувал? Можеме да претпоставиме дека ќе се случува, а некаде веќе и се случува огромна нетрпеливост помеѓу наставниците во изготвувањето распоред, како и кога станува збор за тоа кој наставник ќе добие дополнителен предмет. Секојдневно добивам информации за состојбите и промените кои се прават на дневна основа во однос на реализацијата на концепцијата. На почетокот од месец јули се закажани еднодневни обуки за наставниците по географија и тогаш може да очекуваме нови моменти и состојби. Врз основа на информациите, слободно можам да кажам дека оддалеку се гледа неподготвеноста и површноста во изготвување на ова реформско решение и дека самите институции во чија надлежност е сето ова не знаат каде тераат, а штета по сите ќе биде голема. Најмногу ќе трпат наставниците и учениците, затоа што и самите наставници сè уште не знаат како ќе се одвива целиот процес на имплементација на концепцијата. Токму затоа, едно од барањата во петицијата која ја објавивме беше да се задржи статусот на географијата како посебен предмет токму поради нејзиниот комплексен и интегрирачки карактер и како научна дисциплина која го обработува просторот со сите негови природни и општествени компоненти. Иницијативата за задржување на географијата како посебен предмет беше доставена до МОН, БРО и Претседателот на државата, кои се оглушија и воопшто не пројавија интерес за дијалог и за изнаоѓање добри решенија базирани на докажани практики. Во моментов и во ваква неподготвеност, во најмала рака треба да се прекине целата идеја за спроведување на концепцијата, да се започне со подготовки за нови решенија и да се вклучат во процесот експерти од сите области и од сите инволвирани страни во образовниот процес.

**Има ли опасност од укинување на многу работни места со спојување на предметите?**

Иако МОН и БРО ги убедуваат наставниците дека нема да изгубат работа бидејќи ќе имаат можност за реализација на изборни предмети, секако дека таква опасност е реална и очекувана. Со новата концепција и со спојувањето на предметите, не само што постои опасност, туку статистички може да се пресмета дека многу наставници ќе останат без работа. Оваа година тоа и нема да биде толку забележливо со напорите што се прават по училиштата за дополнување на фондот на наставниците со изборни предмети. Овој проблем дефинитивно ќе стане воочлив наредната година и во годината по неа со етапно имплементирање на концепцијата и со целосно исчезнување на предметот Географија во 2026 година. Во контекст на прашањето, во V одделение по наставниот предмет Природни науки, според новата наставна програма, се предвидува еден наставник да ја реализира наставата (иако првично беше најавено дека наставата ќе се реализира по модули). Во Македонија не постои факултет или друга институција

Наставен план

| Задожителни предмети | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски/Албански/Турски/Српски/Босански јазик) | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Македонски јазик за други | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Математика | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 |
| Природни науки | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 5 | 5 | 5 |
| Општествени науки | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 4 | 4 | 4 |
| Англиски јазик | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Техника, технологија, информатика | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Уметничко образование | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Физичко и здравствено образование | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |

Биологија
Хемија
Физика
Географија

Историја
Граѓанско образование
Географија

**Владин предлог за спојување на предметот Географија со предметите Биологија, Хемија и Физика во предметот Природни науки.**

која продуцира кадар за природни науки, остручен за работа по различни модули од областа на биологијата, географијата, физиката и хемијата. Сегашниот наставен кадар е недоволно стручен, бидејќи нема соодветно образование за најголем дел од наставните содржини од другите научни дисциплини. Во VI одделение географски содржини ќе се обработуваат во предметот Историја и општество на модуларен принцип, како што стои во неодамна објавената наставна програма, а со тоа, наместо досегашните 2 часа, фондот се намалува на само 1 час. Исто така, во предметот Природни науки во VI одделение, часовите ќе ги реализира само еден наставник (не како што беше досега најавувано по модули), со што, тука се јавува и друг проблем со деливост на часовите. Во постојната програма од VII до IX одделение, предметите Географија, Историја и Граѓанско образование се застапени со вкупно 5 часа, со интегрираниот предмет Историја и општество, би се намалиле на 4 часа неделно. Географијата од предмет со два часа во VII, VIII и IX одделение, ќе се сведи на предмет со по 1 час. Според податоци од Државниот завод за статистика 2021/2022, од 11.146 паралелки во основно образование има 1.238 паралелки во VI одделение. Бидејќи наставниците по географија имаа по 72 часа, со новиот концепт ќе се изгубат 1.238 часа или 62 работни места. Доколку концепцијата продолжи по зацртаниот план во VII, VIII и во IX одделение, ќе се изгубат околу 186 работни места, односно 248 наставници по географија кои имаат редовен работен однос ќе останат без работа. Ако се има предвид дека и платата на наставникот зависи од фондот на часови, уште повеќе се зголемува негативниот тренд во квалитетот на живот на наставниот кадар.

Од сето ова може да се заклучи дека наместо наставниците и учениците да се чувствуваат порелаксирани според тоа што е наведено како очекуван ефект во концепцијата, се случува напнатост, револтиран наставен кадар кој треба да е само нем послушник наместо соработник во креирањето на современото македонско образование.

**Има ли, според Вас, вистина во тврдењата дека со новиот концепт ќе се изоставаат некои делови од предметот Историја и на тој начин на долг рок ќе се влијае врз тоа да се подзаборават одредени делови од историјата?**

Ако овој концепт е само рамка

што претставува појдовна основа и навестува како ќе изгледа реформата во образованието, можеме да претпоставиме дека целта на таа реформа е токму тоа. Бришење на колективната меморија со заборавање на одредени делови од нашето историско минато од суштинска важност и задоволувањето на желбите на некој друг кој не ѝ мисли добро на нашата татковина. Тоа се разбира нема да се случи веднаш и сега. Нема да ни се случи нам, на нашата генерација и на повозрасните, но токму преку образовниот процес тоа ќе влијае на нашите поколенија. Такви примери, за жал, имаме во поблиското минатото на териториите на кои живеат Македонци надвор од нашата држава. Чувството за припадност преку асимилаторската политика полека се губи кај многумина. Мојот став не е националистички, туку е анализа на досегашните искуства од погубните политики кои се водени и ужасот кој го следи мојот народ.

Нашите деца имаат право да знаат за своето минато, да ја практикуваат традицијата, да ги познаваат и да ги почитуваат културните, материјалните и духовните вредности на своите предци, и затоа треба да се избориме сите оваа крајно неиздржана и штетна концепција да биде сопрена на самиот почеток.

**Освен спојувањето предмети, години наназад образованието го следат низа скандали, нема учебници, нема свидетелства, има многубројни кардинални грешки во содржините. Каде лежи проблемот?**

Би рекол дека спојувањето на повеќе предмети во еден со измислени и несоодветни наслови на нови предмети во новата концепција се последната глупост и невидена небулоза во образованието кое со години сѐ повеќе тоне и колабира. Но, веќе реков дека ова се само последните од низата досегашни измислени проекти и решенија кои не се ништо друго туку само нови проблеми со кои се соочува основното образование, односно учениците, наставниците и родителите. Иако во светот постојат многубројни студии кои ја истакнуваат важност на учебниците како основно наставно средство независно во која форма е изготвено, ресорното министерство и државата воопшто немаат сериозен пристап во однос на ова прашање. Доказ за тоа е немањето учебници по повеќе предмети во изминатата година, а да не зборуваме за тоа дека неколку години наназад по предметот Географија за VII и IX одделение воопшто не е одобрен учебник, па секој се снаоѓа како знае и умее. На самиот крај на оваа учебна година, учениците од петто одделение го добија учебникот по Македонски јазик, што е непознато и недозволиво за еден современ и добро осмислен образовен систем. Најчесто во недостиг од учебник, се користат старите учебници или некакви скрипти, бидејќи не секое дете има пристап до интернет или друг вид материјали. Ова некако стана традиционален начин од сѐ да се прави проблем, и таму каде што не треба да го има. Во тој контекст беше и минатогодишната состојба со ненавременото печатење свидетелства кои наместо да бидат доделени во јуни, тоа се случи дури на крајот од летото. Исто така не може а да не се потсетиме и на стручните грешки во учебникот по Историја и општество за петто одделение поради што целата јавност беше револтирана. Ова се само дел од сите пропусти и недопустливи грешки кои го следат македонското образование. Се разбира дека проблемот не можеме да го бараме во никој друг освен во надлежните институции, а тоа се МОН и БРО, кои се најповикани и во чија надлежност е креирањето на образовната политика во државата.

**Дали на македонското образование му треба целосен ресет?**

Само ќе потврдам и ќе кажам дека на нашето образование му треба целосен ресет



почнувајќи од високото, потоа средното и, на крај, основното образование. Тие се тесно поврзани, особено во делот каде што универзитетското образование се однесува на образованието на наставник. На оваа тема сум зборувал многупати досега и секогаш сум тврдел дека образованието и здравството се столбовите на секое општество. Здраво образование е гаранција за здрав и силен развој на секое општеството. Не можете да реформирате нешто оддолу доколку не создадете услови за тоа, а наведениот концепт е токму тоа. Се прави промена со воведување нови предмети за кои нема кадар и нема студиски програми за оспособување на таков кадар. Повеќедецениските реформи на нашиот образовен систем се покажаа како краткотрајни бесцелни промени со штетни последици, без да се навлегува во самата суштината на проблемот што треба да се решава. Експериментите што министрите ги правеа од осамостојувањето на државата, па сè до денес, го доведоа образованието до ова дереџе. Колку за илустрација, ќе го наведам примерот со воведувањето на деветтолетката. Зошто беше потребно тоа и дали е направена досега анализа на резултатите од нејзиното воведување? Зошто би се правело нешто доколку немаме постигнување на очекуваните ефекти и цели? За целосен ресет, потребно е да се пристапи стратешки, со исклучителна внимателност, со градење на широк консензус на сите чинители во исполнувањето на целта на образовните промени, онака како што тоа се прави во развиениот свет.

Во реформите во високото образование клучно прашање треба да биде целосната имплементација на Болоњската декларација и усогласување на нашиот образовен систем со образовните системите на развиените земји во Европа и во светот. Нам ни треба образование кое им овозможува на младите да развијат соодветни компетенции за реалниот живот во едно демократско општество. Затоа, паралелно со промените, треба да се создаваат и подеднакво добри материјално-технички услови за сите во текот на образовниот процес бидејќи само општество кое инвестира во образованието може да оди напред. Реформите на сите нивоа на образование се неопходни, а за ефикасна образовна  реформа, потребна е исклучителна посветеност на сите чинители во креирањето на образовните политики, при што државата мора да биде таа која ќе ги преземе главната улога и одговорност за тие реформи.

**Деветта седница на  Собранието на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ –  Скопје.**



# КОЛУМНА

**Пишува: доц. д-р Борче Сибиновски, професор на Универзитетот Скопје**



# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

Неизвесноста е присутна насекаде. Не постои поле во економијата во кое ризикот не е димензија во животот на граѓаните за донесување на посакуваната одлука. Теоријата за финансиите ја засилува неизвесноста во процесот на донесување одлуки. Пресликувањето во макроекономијата се потврдува со признанието на важноста на ризикот во објаснувањето на индивидуалните и на колективните одлуки. Производството, потрошувачката, инвестициите и работните одлуки може целосно да се предвидат ако неизвесноста е земена предвид во процесите за донесувањето на потребните одлуки.

Неизвесности произлегуваат и од согледувањата дека Република Македонија има стопанство незакрепнато од ризиците поврзани со пандемијата, блиско географско опкружување во кое функционира воен конфликт и секојдневни неизвесности од безбедносните конфликти од Западен Балкан. На ваквите предизвици наметнати од конфликтите се надоврзуваат и проблемите произлезени од постпандемиското отворање на економијата и од енергетската криза како главен извор за нарушување на условите во стопанството на пазарот на енергија и на прехранбени производи, кои ги засенија мошне брзо инфлациските притисоци.

Процесите споменати погоре наметнуваат големи трошоци на општественото уредување. Потребата од обезбедување на целосна стабилност, отворено бара брзи и ефикасни решенија во намалување на ценовните шокови и нивно сведување до подносливост за сите субјекти во општеството.

Задачата за комбинирање на напредокот со стабилноста на цените, моментално претставува голем и нерешлив проблем на агрегатната економска понуда и побарувачка. Потребно е да се најде задоволителен компромис кој носи раст и развој, со кој може да се оди напред од една страна, и цена со која може да се задоволи другата страна. Макроекономската стабилност е важна алка за стабилност на вкупниот економски развој. Практично, стабилноста на цените е основа за димензирање на производството и на вработеноста на долг рок. Спротивно на тоа, во услови



Доц. д-р Борче Сибиновски, професор на Универзитетот Скопје.

на инфлација, сериозно е оневозможена ефикасна пазарна издржливост и алокација на финансиските ресурси предизвикани поради нарушувања што ги создаваат постигнатите релевантни цени. Ваквата парадигма ја потврдува законитоста која се потврдува и во македонското стопанство, каде што емпириските истражувања покажуваат дека стопанството во Република Македонија постигнува највисока развојна динамика во услови кога инфлацијата се движи во зоната од 0 до 11%, за што треба да се отвори сериозна дебата од институциите за одржливоста на ваквите определби.

Инфлацијата не е ограничена само на земјите чие население има високи примања. Истото е доста карактеристично во земјите во развој, кои сериозно се потпираат на потребите да ги финансираат владините трошоци.

Во наредниот текст, ќе ги анализирам трошоците за агрегатната цена и инфлација како горливо прашање кое сериозно ги изместува потребите на граѓаните и на општеството во целина, со дефинирање, мерење и историја на нивото на цените и на инфлациите.

## ПРИРОДАТА И ВЛИЈАНИЕТО НА ИНФЛАЦИЈАТА

Инфлацијата означува пораст на генералното ниво на цените, каде што висината на инфлацијата претставува, промена на генералното ниво на цените. Се поставува прашањето како да го измериме нивото на цени што е вклучено во процесот на нивното дефинирање. Теоретски, нивото на цени се мери како еднostран просек на работата и на средствата во економијата.

Во практиката, се мери севкупното ниво на цената, со создавање на ценовен индекс, кој претставува просек на потрошувачите или цените на производителите. Како пример, ќе ја земам 2022 година, кога потрошувачките цени пораснаа за повеќе од 14,2%. Истата година, пораснаа цените на сите главни производи и услуги, како што се храната, пијалаците, горивата, електричната енергија, облеката, превозот, медицинската нега. Ваквиот генерален тренд на пораст на цените се нарекува инфлација. Се разбира сите цени имаат различен процент на пораст. Во текот на 2023 година, цените на храната и на енергијата останаа исти со значајни промени, додека пак цените на становите пораснаа, но просечното ниво на цените изнесува повеќе од 13%, а најавата за инфлација за цела 2023 година, е предвидена да не помине повеќе од 9%.

Кога станува збор за порастот на инфлацијата, укажуваме за движењето на индексот надолу, кој претставува мерка за општото ниво на цени или попрецизно, тоа е субјективен просек на

цени на добрата и услугите. Во тој случај, при воспоставување на ценовен индекс, економистите ги мерат индивидуалните цени со економска значајност на секое добро. Најзначајни ценовни индекси се индексот на потрошувачки производ, бруто-дефлаторот и индексот на производствени цени.

Индексот на потрошувачки производ е најкористената мерка за инфлација и ја мери цената на купување на стандардната потрошувачка кошничка, на добра во различни периоди, каде што е вклучена цената за храна, облека, дом, гориво, превоз, образование, како и други потрошни добра и услуги во секојдневието. На тој начин се мерат различни цени при воспоставување на ценовниот индекс. Би било несериозно ако тоа се прави со обично собирање на различни цени или истите да се мерат според нивните количини или волумен. Значи цените се воспоставуваат со мерење на секоја цена посебно, согласно економското значење на секое добро. Можеме да дадеме нумерички пример за да илустрираме како се мери инфлацијата. Да претпоставиме дека потрошувачите купуваат три вида на добра: храна, дом/засолниште и лекарства. Резултатите на истражувањето на хипотетичкиот буџет покажуваат дека потрошувачите користат 50% од својот буџет на храна, 30% на дом, и 20% на лекарства.

Индексот на потрошувачките цени го мери нивото на цените при големопродажбата или во производствената фаза. Тој се заснова на бројка од повеќе од 3.500 цени на добра, вклучувајќи цени за прехранбени производи, производствени добра, но и добра добиени од рудни ресурси. Тука акцентот се фиксните мерки, кои се користат за пресметување на индексот на потрошувачкиот производ, односно нето-добивката на добрата, кој поради деталност, често се користи од претпријатијата и од претприемачите.

Меѓутоа, проблемот при мерењето кај индексот на цените, како што е индексот на потрошувачките производи се од голема корист при изборот на индексниот број за соодветен период кој резултира врз животниот стандард, и е преценет во однос на состојбата каде што потрошувачите го заменуваат релативно евтиниот за релативно скапиот производи.

Вториот проблем при мерењето на индексот на цени произлегува од фактот што индексот на потрошувачкиот производ ќе има прецизен пристап на промените во квалитетот на добра и на услуги.

Економското влијание на инфлацијата во фокусот на контрола ја ставаат Централната банка, која има консензуалност за тоа што содржи инфлацијата, што претставува, бидејќи има силно влијание врз цените, но и врз платите кои во основа се движат со иста ставка. Во суштината, настанува промена на релативните цени, каде што како резултат на девијацијата на релативните цени се оживотворуваат два сериозни ефекта од инфлацијата. Прво, настанува редистрибуција на приходите и добрата помеѓу различните групи. Второ, настануваат дисторзии на релативните цени и на резултатите на различните добра, или понекогаш во резултатите и во вработувањата како целина.

Влијанието на инфлацијата врз економската ефикасност најчесто се реперкуира при дистрибуцијата на приходите во економијата во две специфични области. Прво, влијаење на вкупниот излез, и второ, на економската ефикасност поради дисторзии на цените.

За одржувањето на макроекономската стабилност, пресудно значење има фискалната и макроекономската политика. Од фискалната политика се бара усогласеност на производните цени, да се почитува законската определба за намалување на инфлаторното финансирање на буџетскиот дефицит со задолжување во централната банка и доведување на јавниот долг во рационално ниво, како и со рационализацијата на ефектите на буџетската потрошувачка при задолжување на државата кај финансиските пазари.



THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation
certifies that

University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

**Tourism 1st cycle**

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for **three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation



UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

**Tourism 1st cycle**

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy

# ЕКОНОМИЈА



Готвачи, келнери, возачи, медицински сестри, но и доктори специјалисти. Одливот на работна сила од нашата земја стана сериозен проблем во сите сектори, а најмногу се чувствува за време на летниот период. Ако анализираме, ќе забележиме дека готвачи и келнери се бараат најчесто од април до октомври. Оваа сезонска работа во поново време стана животна определба за многу македонски семејства, но и за лица кои сами одлучуваат да заминат на работа надвор од државата. Сè почесто се случува и групирање, односно едно лице, по искуство од претходната година, со себе поведува пријатели кои би работеле во истата држава и град. За овие работни позиции, најголема закана за Македонија се земјите од регионот како Хрватска и Словенија. Овие држави уште во март годинава објавија огласи за различни работни позиции. До огласите, покрај преку социјалните мрежи, можеше да се стигне и преку агенции специјализирани да нудат работа во странство. Па така, оваа сезона за 40 часа неделно, почетна плата за готвач кој првпат доаѓа на таа работна позиција во Словенија беше 800 евра, во Хрватска 750 евра, а за келнери, почетната плата беше 500 евра. Оние кои успеваат повторно да ја договорат истата позиција од претходната година, добиваат двојно повисока плата. Но, покрај месечните примања, овие земји нудат и дополнителни примамливи услови. Односно сезонски бонус од илјада евра, награда за лојалност од 530 евра, како и целосно покриени оброци во текот на денот.

Покрај во туризмот, се бара и стручен кадар во фабрики и автомеханичари со почетна плата 1.300 евра и со обезбедено сместување.




**Земјите од соседството ги зедоа македонските работници.**
*Извор: euractiv.com*

# ПЕЧАЛБА ИЛИ ЦЕЛОСНО ИСЕЛУВАЊЕ?

## МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ОСТАНАА БЕЗ СВОИТЕ РАБОТНИЦИ

Но, најголема болка за нашата држава е медицинскиот кадар. Сè поголем е бројот на медицински сестри кои заминуваат од нашата држава во земјите од регионот, но и во европските земји, за двојно повисока плата и подобри услови за работа. Своите работни места ги напуштаат и докторите специјалисти кои во регионот заработуваат почетна месечна плата од 2.500 евра.

Еден таков пример, каде што може да се аплицира за работа во една од земјите во соседството е неодамна промоцијата која ја организираше словенечката амбасада во Скопје и во Битола. Сите отворени работни позиции во Словенија беа промовирани од страна на Заводот за вработување на оваа држава. Десетици словенечки работодавачи се обидоа да ги привлечат македонските граѓани преку своите понуди за вработување да аплицираат за работна позиција во Словенија. Покрај во угостителството и здравството, се бараа работници во ИТ-секторот, градежништвото, транспортот и во туризмот. Платите кои се нудат се од 1.200 до 2.500 евра.

Во земјава во моментов недостигаат близу педесет илјади работници, најмногу стручни кадри во производството и во угостителството. Најголемиот пад се чувствува од 2019 година, кога според Државниот завод за статистика, бројот на вработени бил 798 илјади, додека во 2022 година, тој изнесувал 692 илјади, или над сто илјади работници помалку за само три години. Најмногу работници изгубиле секторите земјоделство, индустрија и трговија.



**Амбасадата на Словенија во Македонија организираше промоција за аплицирање за работа.**
*Извор: sdk.com.mk*



Иако Владата постојано се фали со зголемување на минималната, па и на просечната плата, која во изминатите пет години е зголемена за 44 отсто, сепак експертите за човечки ресурси сметаат дека се поважни условите кои ги нудат работодавачите. Според нив, особено важно е работното опкружување и работната средина: како се менаџираат работите во компанијата, можноста за напредување и соодветното работно време што ќе им овозможи приватен живот. Но, сè почест пример во нашата држава е и потценувањето на работникот и мобингот. Консултантот за претприемништво, Синиша Пекевски, вели дека е навистина голем предизвик македонските компании да најдат соодветен кадар кој би го вработиле и би го задржале на работа. Причините за тоа се многу, но една посебно се издвојува: тоа е функционирање на системот во една држава и квалитетот на живот.

„Не станува веќе збор за тоа колкава ќе биде висината на платата, туку станува збор за целокупното опкружување во општеството кое е во катастрофална состојба. Дополнително, висината на платата е предизвик и македонските компании сè уште не сакаат навистина да ја платат цената на квалитетен кадар, освен во ИТ-индустријата. Поради тоа има одлив на кадар надвор од Македонија. Сè додека не се среди политичката ситуација во државата, не може да сметаме дека ќе се надмине тој предизвик. Луѓето, а посебно младите, сакаат квалитетен живот, а тоа подразбира добри услови на работа, владеење на правото, чист воздух, нормален сообраќај,  незагаден воздух“, смета Пекевски.

Според него македонската Влада со итни мерки треба да го спречи одливот на стручен кадар надвор од нашата држава.

„Македонската Влада само треба да следи што направиле државите кои се соочиле со ваков предизвик и го надминале. Случајот со Ирска, на пример, со основањето на фондот за млади, успеале да ги вратат младите нудејќи им исти или слични плати како во развиените држави, што придонело да се надмине тој проблем. Но, тоа што нас нè става во негативна ситуација е тоа што во Ирска имало систем кој функционирал и право кое владеело, за разлика од кај нас, каде што не постои ниту систем ниту владеење на правото. Додека не се направи и воспостави систем, илузорно е да зборуваме за напредок и надминување на предизвикот со емиграција на младите“, вели тој.

Македонските компании постојано се жалат дека нема доволно кадар за работа. Ниту во угостителските објекти, ниту во фабриките, ниту во здравството. Голем дел од нив сметаат дека ги нудат сите неопходни услови за работа, а платата според соодветната




Пекевски: „Македонската влада треба да земе позитивен пример од друга земја за да најде решение за одлив на работната сила.“

заработувачка.

Вицепремиерот Битиќи, пак, смета дека решенијата треба да се бараат кај граѓаните. Тој неодамна токму на оваа тема рече дека македонските граѓани треба да вложуваат повеќе во себе за да одговорат на работните позиции кои ги бара приватниот сектор.

„Мора да сфатиме дека доживотното учење не е само на хартија и на зборови, туку треба да се докфалификуваме и да се преквалификуваме, да сме во тек со работните места кои се отвораат. Работни места што постоеле пред 30 години, веќе ги нема, се бараат нови вештини и знаења. Владата никогаш не била тука да носи некого на грб, туку креира можности. Додека ние зборуваме, приватниот сектор ги наоѓа решенијата сами“, вели Битиќи.

И додека во Македонија компаниите се оставени сами да се справуваат со економската криза, која од една страна им ги ограничува ресурсите за работа и од друга страна кадарот, граѓаните сè по храбро се одлучуваат да побараат работа надвор од границите. Многу едноставно, работа во странство е достапна и преку европскиот веб-портал ec.europa.eu/eures. Во моментов, преку овој линк, има достапност до повеќе од 5 милиони отворени работни позиции во 31 земја. Потрагата по работа може да се види по сектор или по позиција.

Така на пример, за продажба во продавници има отворени сто единаесет илјади работни позиции во речиси сите европски земји. Се бараат повеќе од седумдесет и четири илјади медицински сестри и повеќе од педесет илјади градежници.

Бизнисот досега неколкупати побара либерализација на пазарот на трудот, што би значело увоз на работна сила. Бизнисмените чии фирми се од трудоинтензивните дејности, единственото решение за дефицитот на кадар го гледаат во увоз на работна сила.

„Потребно е постепено либерализирање на пазарот на трудот со увоз на странски работници, затоа што многу компании од градежната индустрија имаа проблеми, особено лани, кога квотата за вработување странци беше исполнета многу пред истекот на годината“, вели Ангел Димитров од Организацијата на работодавачи.

Од Владата информираа дека од почетокот на годинава, преку три илјади странски граѓани добиле дозвола да работат во земјава, а годишната квота, како што посочи, е пет илјади. Земјава планира „увоз“ на работна сила, а најмногу кадар недостига во туризмот и во градежништвото. Но, сепак, останува отворено прашањето дали македонските компаниите ќе можат да ги понудат соодветните услови за работа во време на најголемата економска криза?




**Работата во странство станува сè полесно достапна.**
*Извор: samru.ca*



Борче Јовчески, градоначалник на Општина Прилеп.



# ПРИЛЕП И ПЕЛАГОНИЈА СЕ ОДЛИЧНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА АВАНТУРА

*„Марковите кули се нашата гордост и симболика на градот по кои нè препознава Балканот. Тие остануваат во централното средиште меѓу доцносредновековните градови од Балканскиот Полуостров. Како Општина, заедно со надлежните институциите за зачувување на културното наследство, целиме Марковите кули како целина да влезат на постојаната листа и под заштита на УНЕСКО“*, вели градоначалникот на Општина Прилеп, Борче Јовчески, во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент. Општината со која раководи нема езеро или море и затоа развива алтернативен и културен туризам бидејќи Прилеп има големо културно и природно богатство. Градот под Марковите кули има богата историја. Овој предел поминал и низ најголемите балкански и светски војни, и до денешен ден токму тврдината, планините и најголемата котлина Пелагонија ги раскажуваат големите вистини и приказни кои ги имаат зад себе.



# МОЈА ОПШТИНА

## ИНТЕРВЈУ СО БОРЧЕ ЈОВЧЕСКИ

***Градоначалник на Општина Прилеп***

**Господине Јовчевски, колку Општината успева да ја пренесе историјата пред туристите и да се пофали со сето богатство кое го поседува градот?**

Прилеп и Пелагонија се познати како одлична туристичка дестинација за авантура. На посетителите им нудиме природно богатство, спектакуларен планински пејзаж во комбинација со уживање во добра храна, културно наследство и во македонски традиции. Преку квалитетот на можностите за авантури, заедно со одличниот број сончеви часови и автентичното гостопримство, Прилеп успева да привлече патници од Европа и од пошироко кои ги сакаат авантуризмот, одличната храна, музиката и кои го препознаваат нашето гостопримство. Имаме огромен туристички потенцијал, одлични локалитети од археолошки, културен и од историски аспект, за поинаков вид туризам. Марковите кули се нашата гордост и симболика на градот по кои нè препознава Балканот. Тие остануваат во централното средиште меѓу доцносредновековните градови од Балканскиот Полуостров. Еве, неколку години работиме како Општина, заедно со институциите надлежни за зачувување на културното наследство, тоа место, Марковите кули како целина, да влезат на постојаната листа и под заштита на УНЕСКО. Поради ова, неколку години се работи на планско уредување и управување со овој простор, кој е прогласен за споменик на културата. Во таа насока, традиционално, Општина Прилеп ја организира и манифестација „Денови на Крали Марко“, која се одржа оваа година во мај, а со која се одбележува годишнината од загинувањето на легендарниот крал. Но, Прилеп се промовира и со манастирскиот и со црковниот туризам. Го имаме најубавиот манастир „Трескавец“, во кој вложуваме три милиони денари за изградба на водоводна и на канализациона мрежа. Се гордееме и со манастирот Св. Архангел Михаел во Варош, најстарата населба во Прилеп со 77 цркви, која е во подножјето на Марковите кули. Гордост ни е црквата „Св. Никола“ од XIII век, итн.

Бидејќи, немаме езеро или море, мора да развиваме алтернативен туризам, фестивалски и културен туризам, зашто Прилеп се одликува со големо културно и природно богатство. Организираме и низа спортски настани од алтернативниот туризам и секогаш како локална самоуправа, сакаме да привлечеме повеќе посетители за да се запознаат со нашето културно богатство, црквите, манастирите, археолошките локалитети на Прилеп и неговата околина, кои се посебни и на државно, но и на балканско



Природното богатство и спектакуларните планински пејзажи овозможуваат развој на Прилеп како туристичка дестинација за авантура.





ниво. Таков е, на пример, локалитетот „Стибера", каде што за првпат оваа година ќе се прави геоскенирање на целиот терен на кој се наоѓа овој антички град, од кој се откриени само 5%. Останатиот дел е сè уште затрупан под земја. Археолозите велат дека затрупани под земја остануваат голем број палати, театарот и најзначајниот дел, некрополата на градот. Стибера е на ранг на градовите Стоби, Хераклеа, Скупи. Затоа настојуваме како локална самоуправа да бидеме повеќе застапени во програмите кои ги имаат нашите туроператори. Прилеп има развиено повеќе фестивали – Прочка, Пивофест, МТФ „Војдан Чернодрински", има голем број споменици на културата, како што се Саат кулата во центарот на градот од 1826 година, Могилата на непобедените, меморијален комплекс во Спомен-паркот на Револуцијата во Прилеп, Участакот, Куќата на Бектешовци. Одлични сме домаќини и гастрономи, познати надалеку по одличната кујна, ширденот и прилепската скара. Работиме како локална самоуправа на подигнување на свеста за важноста на заштитата на животната средина и подобро управување со природните и со културните ресурси. За нас е најважно да го зголемиме бројот на туристички пристигнувања и времетраењето на престојот во нашиот град. Во селото Небрегово се наоѓа родната куќа на великанот на македонската култура, јазик и книжевност, Блаже Конески.

**Колку Вие како градоначалник вложувате во промоција на корените на амбасадорот на македонската книжевност?**

Општина Прилеп и нејзините граѓани имаат голема почит кон кодификаторот на македонскиот литературен јазик, Блаже Конески. Точно, Спомен-домот на Блаже Конески се наоѓа во селото Небрегово. Тоа е во Општина Долнени. Но, великанот на македонската култура, јазик и книжевност, секогаш бил наша, прилепска гордост. Нашите гости, амбасадори, книжевници, филолози, академци, претставници од политичкиот кор од земјава и од странство, знаеме често да ги однесеме и да им го покажеме Спомен-домот на Блаже Конески. Родната

куќа на Конески, која припаѓа на руралната архитектура, претставува значаен споменик на македонската култура, а токму од тоа место можеме имплицитно да пренесеме порака за важноста на македонскиот јазик, кој е одлика на нашиот идентитет. Таму се потсетуваме и им укажуваме и ним, на нашите гости, за аманет на Конески, да го чуваме и да негуваме македонскиот јазик, затоа што, како што кажал Конески, „тој е нашата единствена татковина“. Родната куќа на академик Конески е средиште на културни настани во текот на целата година, со особен акцент на денот на неговото раѓање, 19 декември (1921), и на неговата смрт, 7 декември (1993). Како локална самоуправа, во рамките на нашите можности, даваме секогаш несебичен придонес во одржувањето и во зачувувањето на родната куќа на Блаже Конески како културен споменик.

**Прилеп, покрај својата богата историја, може да се гордее и со својата економија. Во градот се наоѓаат повеќе од четириесетина домашни и странски компании кои остваруваат голем профит. Ова значи дека Прилеп е значаен економски центар во нашата држава. Колкав е процентот на невработеноста во градот и во околината?**

Прилеп има неколку економски индустриски зона. Само во технолошко-индустриските развојни зони (ТИРЗ-Прилеп), каде што се наоѓаат неколку странски компании, само во една фабрика се вработени над 2.000 луѓе од градот и од околината. Покрај традиционално успешните домашни компании, во индустриските зони Металец, Прилеп 1 и Алинци, има уште дузина објекти на домашни инвеститори кои успешно работат, и каде што се ангажирани голем број работници во текстилната, градежната и во прехранбено-преработувачката индустрија. Нашите ингеренции како локална самоуправа и цели, се разбира, се да создадеме подобри инфраструктурни услови за компаниите, да помогнеме во урбанистичкото планирање, во ефикасноста на донесувањето на Деталните урбанистички планови за потребите и за развојот на компаниите, во подобрување на комуналните услуги, заштита на животната средина, со цел поквалитетни и поефективни услуги за бизнис-заедницата. Во рамките на тој дел, како локална самоуправа имаме добра соработка со Регионалната стопанска комора – Прилеп и бизнис-секторот. Формиравме Економски совет, во кој членуваат претставници од бизнис-заедницата, со цел да го слушнеме гласот на бизнисмените и заедно да создадеме проекти за подобрување на условите за работа и на животниот стандард на граѓаните на Прилеп. За подобра бизнис-клима, Општина Прилеп неодамна стана и членка во Мрежата на балкански градови B40. Со членувањето во оваа мрежа, како локална самоуправа, создадовме услови за соработка меѓу градовите од Балканот и можност за размена на позитивни искуства за решавање на урбани проблеми. Тоа за бизнис-заедницата во Прилеп значи одлична можност за креирање економска соработка со градови од Балканот, воспоставување бизнис-односи и освојување нови пазари. Што се однесува до невработеноста, сметам дека Прилеп процентуално не се разликува од другите градови во Македонија по бројот на невработени лица, со оглед на економската криза, која е глобален проблем. Компаниите во Прилеп бараат работници, особено во текстилниот и во градежниот сектор, но се чини дека младите не ја согледуваат својата шанса да работат тука. Едноставно, можеби треба да се менува нешто стратешки на централно ниво за да ги задржиме младите и за да ја промениме оваа настаната пасивизација на пазарот на труд. Мора државата да има стратегија за оваа појава! Се чини дека во овој момент сè е „безглаво“, оставено да се движи кон надолна линија.

**Овој град нуди широк спектар на струки што се учат во средното образование. Се изучуваат медицинската, козметичката, геолошко-рударската, текстилната и дрвно-преработувачката и со тоа, секоја нова генерација има можност за идна професија. Но, со оглед на фактот дека занаетчиството како гранка полека изумира, колкав е интересот на ученици за упис во стручните училишта?**

Вложуваме во образованието и во подобрување на условите за работа. Нема училиште во кое не сме обновиле или реконструирале училници, ходници, училишни тоалети, наставнички канцеларии, кабинети, спортски сали, спортски училишни игралишта, хортикултурно уредување на училишните дворови, набавка на компјутери, телевизори, паметни табли. Извршивме и адаптација на сензорни соби во две основни училишта. Досега имаме издвоено над 35 милиони денари за подобрување на условите за работа во сите училишта во Прилеп, основни и средни. Во такви услови, многу поефективно е изучувањето на стручните предмети и задоволството е огромно, и кај наставниот кадар и кај учениците, кои сега имаат квалитетни услови за изведување на настава. Во Прилеп имаме пет средни училишта: гимназија и четири училишта, стручни образовни институции. Младите тука можат да изучуваат разни струки, од полето на медицината, хемијата, ИТ-технологијата, енергетиката, електрониката, рударството, преработката на дрво, економијата, правото, менаџирањето во земјоделството, градежништвото, до разни струки од прехранбената дејност. Сето тоа се профили кои се барани на пазарот на трудот. Знаејќи го ова, интересот на ученици за упис во средното стручно образование е солиден. Велам солиден, со оглед на намалениот наталитет и иселувањето од кои не е изземен ниту Прилеп, како и со оглед на бројот на деветтоодделенци во Општина Прилеп, кој изнесува околу 600/650 ученици. Сите средни училишта, со поддршка на локалната самоуправа, деновиве пред уписите правеа промоции на своите профили со цел да ги доближат струките до учениците. Сметам дека со тоа создадоа поле за размислување и го привлекоа вниманието на идните средношколци да изберат стручно образование бидејќи иднината сепак е во стручно подготвени кадри. Квалификуван кадар, со стручни вештини и компетенции, кој

Општина Прилеп постојано обновува или реконструира спортски сали и спортски училишни игралишта.



одговара на потребите на реалниот сектор, може веднаш да најде работа на пазарот на трудот.

**Кој стручен профил на работници недостига во вашиот град и колку успевате како градоначалник да ги задржите младите во своето родно место?**

Недостигаат кадри од сите профили, и во текстилната, и во градежната, во угостителството, во прехранбената индустрија, во рударството, занаетчиството. Проблемот со недостиг од стручни кадри е национален проблем, не само локален, но особено е изразен во заедниците од внатрешноста како Прилеп, Ресен, Демир Хисар, за разлика од Скопје. Факт е дека популацијата се намалува, а иселувањето на работоспособното население се зголемува сѐ повеќе, особено на младата популација. Тоа е негативен тренд кој, како што реков и погоре, не го одминува ниту Прилеп. Мотивите за заминување во странство се ниските плати, лошиот животен стандард во Македонија, за што државата ќе мора да најде мерки и да прави стратегии за спречување на ваквиот одлив на кадри. Тоа не може да го направи локалната самоуправа во заедница со ниту една мерка. Ние можеме да ги подобриме условите во заедницата, патната инфраструктурата во градот, да направиме паркови, зеленила, но не можеме да го подобриме животниот стандард на граѓаните. Ние како локална власт можеме да изнаоѓаме еднократни мерки на субвенционирање, тоа и го правиме, даваме еднократна помош за секое новородено дете, субвенционираме набавка на велосипеди за подобра животна средина, ги поддржуваме со еднократна помош најдобрите ученици, спортисти, помагаме со еднократна помош кога му е потребна на некој наш сограѓани поради болест или настаната материјална штета од природни непогоди, но не можеме да ја намалиме инфлацијата или да влијаеме врз пад на цените на основните прехранбени продукти или на енергенсите. Сето тоа ги притиска граѓаните и ги тера младите да бараат подобар живот. Се чини дека за ова Власта не е свесна или не сака да ги спречи економската миграција и одливот на млади кадри.

Ние како дејствуваме? Општина Прилеп формира Младински совет за прашања што се однесуваат на младите со цел нивно активно вклучување во општественото живеење и креирање програми за нивните потреби и идеи. Во таа насока, наскоро ќе отвориме и Младински центар, кој ќе преставува место, простор за едукативни работилници на млади, за креирање и реализирање на нивните идеи, за спортски активности, простории каде што ќе можат да бидат креативни. Младински центри се и обврска на сите општини согласно законот за младинско учество и младински политики. Тоа е она што можеме да го направиме за младите да бидат тука и да творат, да си ја сакаат својата заедница. Тука да вложуваат и тука да останат. Патем, донесовме и одлука да доделиме десет комплетни студентски стипендии на студенти што се жители на Општина Прилеп и во моментов работиме на реализација. Тоа е она што го правиме за младите да останат во нашиот град и тука да ја развиваат својата кариера.

**Инфраструктурата е од особено значење за привлекување туристи. Дали е доволна буџетската каса за реализација на предвидените проекти?**

Покрај економската и енергетската криза, кои ни се рефлектираа и врз буџетот на општината, минатата година успеавме да реализираме голем дел од проектите. Реализиравме проекти од витално значење за градот и за населените места. Со пари од општинскиот буџет асфалтиравме, реконструиравме и санираме голем дел од локалните улици и инфраструктурно го уредувавме градот, домаќински и со многу штедење на секој денар. Годинава, веднаш штом ни дозволија временските услови,



Градоначалникот Јовчевски на терен со својот работен тим.

стартувавме со најавената пролетна градежна офанзива. Рехабилитација и асфалтирање на над шеесет улици на територија на општина Прилеп, на кои не било интервенирано години наназад. Целта ни е да ги подобриме инфраструктурните услови во нашата општина, за да ја зголемиме безбедноста во сообраќајот, да ја подобриме патната инфраструктура во градот и во населените места, за да имаме пристапни, добри улици и патишта, да не посетуваат поголем број гости, бидејќи инфраструктурата на еден град е важна за туризмот. Преку нашето работење, создаваме услови за почиста животна средина. Исчистивме над 50 диви депонии, ги обновивме постојните паркови и детските игралишта, изградивме и нови онаму каде што имаше барања од граѓаните и потреба за тоа, а во моментов работиме на проекти за комплетна реконструкција и поставување нови реквизити на неколку локации во градот.

**Колку има централната власт слух за проектите на локалната власт?**

За жал, како што изгледа, за голем број проекти, било тоа да се тековни или во фаза на аплицирање, стекнуваме едно мислење дека централната власт не сака да биде агилна и навремено да ги спроведува процедурите за проектите, кои најчесто заглавуваат по бирократските патишта. Фактот што во многу општини во Република Македонија, вклучувајќи го и Прилеп, имаме градоначалници кои што се опозиција на централната власт, нè води до заклучок дека проектите што потекнуваат од овие општини и ние самите градоначалници за многу други работи сме опструирани од централната власт. Дефинитивно, тоа не смее да биде така и мора да има соработка помеѓу власта и општините, сè со цел да можеме да обезбедиме подобар живот за сите наши граѓани.

**Прилеп е познат по организирање различни културни манифестации. Тука е најпознатата, а веројатно и најмасовната организација „Пивофест“, потоа „Прилеп фест“, „Прилепски карневал“ кој за Прочка прерасна во традиција, како и**

**театарски фестивали и изложби во домот на културата „Марко Цепенков“. Колкав е интересот на странските и на домашните гости во текот на целата година во градот?**

Во последно време, бројот на домашни туристи во Прилеп е во подем, кои еднодневно или повеќе дена ќе се задржат во градот или околината, но стагнира бројот на странски посетители. Тоа си го направи и пандемијата. Конкретно, на фестивалските манифестации кои ги имаме во текот на годината, доаѓале голем број странски посетители. На пример, на Прочка сме имале 300/400 странски учесници и посетители, на фестивалот „Пеце Атанасоски“ доаѓале посетители од соседните земји и од Балканот, на манифестацијата „Пивофест“ преку 2.000/3.000 посетители од соседните земји го посетувале градот. Пред пандемијата, голем број странски посетители доаѓаа на организираните планински трки и болдеринг-натпревари посетувајќи ги релјефно интересните места на Маркови Кули или Мариово. Но, работите се променија. Еве, на пример, на фестивалот „Прочка 2023“ немавме странски групи, иако беа поканети. Организиравме аутлет-шопинг викенд, но дојдоа само домашни туристи, немавме гости од соседните држави. Се обидуваме да го вратиме оној сјај кој го имаше Прилеп пред пандемијата, но за тоа ни треба време и повторна промоција и актуелизирање на туристичката понуда со која Прилеп располага.

**Колку успевате да го развиете етнотуризмот во градот?**

Во овој контекст би рекол дека ни недостига туристичка мапа за лоцирање на етнопросторот и на локалитетите во Прилеп. Прилеп има голем потенцијал за развивање на етнотуризмот. Имаме прекрасна недопрена природа, со медитеранска клима и услови за развој на етнотуризмот во Мариово. Тоа е најеколошката средина во Македонија, простор со голем број природни убавини и растителни реткости, релјефни површини одлични за болдеринг, предел за лов и риболов, за планински туризам и за планински велосипедизам. Но, мора да направиме адаптација на некои селски предели, да направиме подобра инфраструктура, да создадеме туристички населби кои би понудиле поинаков вид сместување од хотелско сместување за посетители кои уживаат во недопрената природа, а такви луѓе во светот има сè повеќе. Имаме локални производители на здрава еколошка храна, зачини, чаеви, пијалаци, мед, семејни сточарски фарми и други мали земјоделски стопанства кои произведуваат здрава храна. Како локална самоуправа ќе направиме една мапа на сите тие локални производители, за да може да го брендираме потеклото на квалитетот и нивните производи да стигнат до крајните потрошувачи, односно посетители на Прилеп.

**Кои се идните планови за градот што планирате да ги реализирате за време на вашето владеење?**

Во текот на мојот мандат како градоначалник, и претходно сум кажувал, ќе се потрудиме да ја реализираме зацртаната програма што ја понудивме пред прилепчани и добивме доверба за тоа, заедно со мнозинството советници и претседателот на Советот на Општина Прилеп. Се разбира дека за тоа ни е потребна поддршка од сите институции, и локални и национални, како и од граѓаните на Прилеп. Соочени со економска и со енергетска криза, најдовме начин како да обезбедиме дополнителни финансиски средства за реализација на капитални проекти, а тоа е преку општинска обврзница. Но, сепак за тоа ни е потребна поддршка во процедурата од страна на власта, сè е поврзано, како што гледате. Затоа велам ние како локална самоуправа имаме доволно проекти кои што доправа ќе ги реализираме, а од кои ќе имаат голем бенефит за сите наши сограѓани, за враќање на сјајот на градот и за подобрување на условите за живот за сите нас.

# РЕПОРТАЖА



# СТРУМИЦА – ЦЕЛОГОДИШНА ДЕСТИНАЦИЈА НА ЈУГОИСТОКОТ



**Од сите градови привлечни за туристите во Македонија, се чини ретки се оние кои не излегуваат на езеро или низ нив не тече некоја река. Туристички, тие примамуваат посетители поради историјата, старата архитектура, природните богатства. Еден од нив е секако Струмица, на самиот југоисток на државата – дестинација која иако има потенцијал да биде атрактивна преку целата година, се чини засега е недоволно посетена. Освен дневните тури низ водопадите и манастирите, ретки се оние агенции кои нудат подолгорочна понуда, како за домашните, така и за странските туристи. Иселувањето, пак, си го направи своето. И покрај бројните посетители, жителите никако да се анимираат во делот на сместување гости. Се чини, луѓето од овој земјоделско-печалбарски регион се повеќе ориентирани кон заработка во странство отколку кон заживување на родниот крај.**

Опколен од Струмичкото Поле и планините Беласица, Огражден и Еленица, на самиот југоисток на Македонија, се наоѓа градот на ѕвездите или градот под Царевите кули. Античкиот Астраион, римскиот Тивериопол, до ден денес го задржува словенското име Струмица. Освен што е лидер во земјоделството, пионер во гасификацијата на земјава и родно место на бројни истакнати македонски спортисти, Струмица е најмалку позната по туризмот. Оваа стопанска гранка е очигледно неправедно запоставена, особено ако се има предвид дека изобилува со археолошки наоѓалишта од античкиот и од римскиот период и дека е местото на клучниот пораз на Самоиловото Царство од Византија. Изобилува со неколку водопади, манастири и остатоци од ѕидините на Царевите кули.



**Панорама на Струмица со Цареви кули.**
*Извор: drnka.mk*





# ЦАРЕВИ КУЛИ

„Градот под Царевите кули" – со овој епитет најчесто се опишува Струмица. До славното Кале се стигнува по убав и обележан пат, но пристапот до него е особено тежок. Иако пред кулите има огромен паркинг, влезот е стрмен и тежок за искачување. Поразително е тоа што ниту постои влез, ниту чуварска служба, ниту, пак, се наплаќа билет за влез во локалитетот, иако тој е особено добро зачуван. Ако појдете на Царевите кули напролет или лете, можат да ве дочекаат обраснати ѕидини и треви и инсекти на сите страни, што навистина не му прилега на ваков објект од историско и од археолошко значење. Веднаш се гледа недостиг од свест кај властите за промоција и за уредување на локалитет од ваков калибар. Слободно може да се каже дека општинските и државните власти целосно го превиделе потенцијалот за полнење на буџетите од наплаќање влез во ваков вид објекти. Во некои други држави, Царевите кули би биле едни од најистакнатите археолошки наоѓалишта, а со тоа и најпосетени.

Најстарите откритија за тврдината упатуваат на тоа дека овде имало население уште во праисторијата. Со археолошките истражувања се констатирале остатоци од повеќеслојна праисториска населба на југоисточната падина од времето на раниот енеолит, крајот на доцната и за време на средната бронзена епоха. Исто така, остатоци од енеолитска населба беа констатирани и на северозападното плато.

Според некои археолози, кулите се остатоците од античкиот град Астраион. Сите досегашни наоди укажуваат на тоа дека на овој локалитет опстојувале разни цивилизации во период од околу седум илјади години. Тврдината е изградена на зарамнето плато на врвот од ридот, кој мошне стрмно се издига над Струмица на надморска височина од 445 метри, од каде што е можна прегледност над целата Струмичка Котлина.

По рабовите се наоѓаат остатоци од одбранбен ѕид, од кои западниот во должина од четириесетина метри е добро видлив и денес. Историското значење на кулите за Македонија се поврзува со Самоиловото Царство. Со своите дебели бедеми, кулите

претставуваат споменик за падот на средновековната македонска држава на царот Самуил во 1018 година. Служела како утврдување и во османлискиот период. Во тврдината се пронајдени византиски монети од XII и од XIII век. Откриени се шест фрагментарно мегарски чаши од хомеровски тип, мошне ретки на овие простори, кои потекнуваат од XI век п.н.е. Откопани се и антички монети од времето на последниот македонски цар Персеј, како и фрагменти од средновековен фрескоживопис од XII и XIII век. Пронајдени се и монети со ликот на Филип II, потоа амфори, садови, кантароси, накит, фрагменти од сликани вазни, црнофиносувана керамика, фигури од малоазиски тип и други артефакти. Сите укажуваат на тоа дека тврдината над Струмица активно живеела кон крајот на IV век пред нашата ера.

## БАЊА БАНСКО

На 10-ина километри од Струмица, веднаш до хотелот Цар Самоил, се наоѓа археолошкиот локалитет – римската бања Банско. Оваа античка бања е една од најсочуваните во Македонија и потекнува од римскиот период. Бањата е откриена во 1978 година, при копањето на темелите на хотелот Цар Самуил.

Овој локалитет почнал да се гради во I век, а постепено се надградувал сè до V век. Досега се откриени 11 простории, сите со различна намена, но сите во функција на вршење на обредот капење, лечење и уживање во термалните води.

Најзачувана е просторијата каде што се наоѓала сауната, со крстовиден и полукружен свод. Најверојатно потекнува од XI век, од времето на римскиот император Каракала, познат по подигањето и обновувањето терми низ империјата. Оваа античка бања е заштитена со закон, но не е заштитена од крадци, кои често крадат од локалитетот и го оштетуваат.

Денеска базените со природна вода може да се користат во рамките на хотелот, каде што може да се проба и јајце сварено во топлите извори, со специфичен вкус. Во околината на бањата се простираат шума од липи и костени и повеќе бистри планински потоци. Папратот од ова македонско поднебје е заштитен од Обединетите нации. Целиот локалитет нуди одлични сместувачки капацитети и услови за комбинирани видови туризам.

Бања Банско.



## СТРУМИЧКО Е НАЈПОЗНАТО ПО ВОДОПАДИТЕ

Во подножјето на планината Беласица, посетителите можат да се освежат на сега веќе добро познатото трио струмички водопади – Смоларскиот, Колешинските и Габровските водопади.

## СМОЛАРСКИ ВОДОПАД

Убедливо е најтешко да се стигне до Смоларскиот Водопад. Тој е најоддалечен, а и скалите за да се стигне до него се најстрмни. Патот е уреден, има клупи за одмор, а кога конечно ќе стигнете таму, ќе ве дочека грч студена вода и дебела сенка. Токму затоа, очекувано, тој е најпосетен за време на летните месеци.

Смоларскиот Водопад се наоѓа на надморска височина од 600 метри. Тоа е природна убавина висока околу 35 метри. На дното од водопадот е формиран џиновски лонец, чија должина во правец на течењето на речната вода изнесува пет метри, широчината му е 11 метри, а длабочината е околу половина метар. Властите поставиле и платформа на која луѓето можат да одморат, да се сликаат или едноставно да уживаат во глетката.

Смоларски Водопад.



# КОЛЕШИНСКИ ВОДОПАДИ

Колешинските Водопади се наоѓа на надморска височина од 610 метри на реката Баба во пазувите на планината Беласица, меѓу јаворова шума и камени гребени. Со височина од 15 метри, се вбројува во највисоките водопади во Македонија, со широчина на падот од околу 6 метри. Тој е тектонски водопад, создаден во гранитни камења.

Во непосредна близина од околу 100 метри, се наоѓаат уште неколку помали водопади и слапови распоредени во низа со височини до околу пет метри. Интересен настан кој секоја година се одржува на Колешинските Водопади е групната венчавка. Општината Ново Село и МПЦ-ОА, традиционално секој август организираат церемонијално групно венчавање, кое буди сè поголем интерес и зголемена посетеност. Оваа традиција постои повеќе од 10 години.

Инаку, Општината Ново Село постојано работи на подобрување на ова место со дополнителни пешачки патеки, пристапни патишта, но и со долготрајни понуди за сместување како мотели и ресторани. Во непосредна близина на водопадите и по должината на патеката има поставено повеќе летниковци, кои важат за традиционално излетничко место за локалците и на кои посетителите можат да одморат, а преку викендите овде се прави и скара.

Колешински Водопади.



## ГАБРОВСКИ ВОДОПАДИ

Во близина на Колешинските Водопади се наоѓаат и Габровските Водопади. Тие се најмалку посетени од туристите. На оддалеченост од еден километар, има три помали водопади, високи од 4 до 8 метри, чија чиста ледено студена вода истекува меѓу дебелите и разгранети буки.

До Габровските Водопади води убав пат во правец кон с. Габрово. Водопадите се сместени на крајот над селото. Пред нив има мал паркинг од кој има изградено патека која води до околната шума. Во околината има поставено клупи и мали летниковци. Коритото на водопадите е уредено со бетонски парапет, а дел од водата во бетонски канал се упатува кон селото. Ова го нарушува локалитетот бидејќи се губи природниот тек на реката. Исто така, евидентно е дека посетителите се несовесни и оставаат многу расфрлан отпад околу водопадите.

Убедливо најимпресивни се глетката и патот до најоддалечениот, трет водопад. Пред две години, целосно беше поплочена пристапна патека во должина од 750 метри. Беа изградени и два моста и поставени летниковци. Во непосредна близина на водопадите се наоѓа и една неистражена атрактивна пештера, која претставува предизвик за љубителите на планинскиот туризам да дојдат да ја посетат оваа природна убавина и да уживаат во овие предели кои ги нуди Беласица.



Габровски Водопади.

## МОКРИНСКИ ИЗВОРИ

Кога ќе се изморите од искачување на добро познатите водопади, близу село Мокрино, помеѓу Смоларскиот и Колешинските водопади се наоѓа најпознатото излетничко место во овој крај. Таканаречените Мокрински Извори се состојат од три извора од кои истекуваат 40 литри вода во секунда. Изворите истекуваат од корењата на столетните стебла на јаворите кои формираат густа сенка. Поради големото количество вода, порано на оваа локација имало многу воденици.

Сега, Мокринските Извори важат за мошне популарно место за да поминете еден убав опуштен викенд. До нив води поплочена патека, има изградено мостови, поставено десетина летниковци, дури и места за безбедно палење скара. Околината е уредена и се гледа дека некоја служба редовно го одржува местото. Оваа пролет, локалните власти изградија патека до Мокринските Извори за лица со инвалидитет и соодветни летниковци за нив.



Мокрински Извори.



Пирго Мокриево.

## ПИРГО МОКРИЕВО

Едно од најнепосетуваните места во струмичко и релативно непознат локалитет е кулата Пирго кај селото Мокриево. До неа води пристапен пат долг 400 метри. Кулата е во многу лоша состојба, па неодамна НУ Завод и музеј Струмица објави дека почнале со теренските активности за изработка на Основен проект за конзервација и реставрација на кулата Пирго кај Мокриево. Станува збор за доцноантичка кула изградена во V или VI век и која според сите претпоставки била користена и во периодот на Цар Самуил. Се смета дека ова место има големо историско значење, бидејќи со него се поврзува почетокот на познатата Беласичка битка на 29 јули 1014 година. Поради тоа, секоја година на 10 август (29 јули според стариот календар), сите жители се искачуваат на Пирго, каде што се наоѓаат и трите стари јавори (еден од јаворите неодамна бил исечен) од времето на битката.





## КОМПЛЕКС ВОДОЧКИ ЦРКВИ (XI ВЕК)

Комплексот се наоѓа во селото Водоча, кое своето име го добило според грозоморниот настан од 1014 година, кога на тоа место под Беласица на 14.000 војници на царот Самуил им биле извадени очите од страна на Византијците. На локалитетот се наоѓаат три цркви (источна, западна и средна) со три фази на живописување на ентериерите, архитектонски остатоци; придружни објекти и манастирски комплекс, трпезарија, стопански објекти, две бањи и повеќеслојна христијанска некропола. Од ранохристијанскиот период се зачувани темелни партии од базилика со мермерна декоративна пластика од V и VI век. Подоцна била подигната источната, трикорабна куполна и епископска црква.

Некрополата која се наоѓа на југозападната и на северозападната страна, исто така го отсликува богатиот духовен и културен живот што се одвивал на овие простори. Откриени се преку 1.000 гробови во кои се пронајдени накит и керамика што датираат од периодот меѓу XIV и XIX век.

Сликарството во оваа црква е карактеристично по издолженоста на телата и по цврстата моделација на главите на светителите. Фреските ѝ се посветени на животот и детството на Пресвета Богородица.

**Водочки манастир Св. Леонтиј.**
*Извор: off-road.mk*



# МАНАСТИР ВЕЉУСА

Манастирот Св. Богородица Елеуса, с. Вељуса (XI век) е еден од најстарите македонски верски објекти, кој никогаш не била уриван ниту обновуван. Каков што е изграден, таков е и денес, со отпечатоци од забот на времето. Манастирот Вељуса е активен женски манастир, сместен на 400 метри надморска височина на 8 км западно од Струмица. Манастирот е одличен пример за високите дострели на византиската сакрална архитектура во средниот век. Посветен е на раѓањето на Марија и го слави празникот Рождество на Пресвета Богородица (Мала Богородица) на 21 септември.

Тоа по што е најпознат овој манастир, а го има само во две-три православни цркви во светот, е добро сочуваната фреска од Исус Христос како 12-годишно дете. Тоа е возраста кога тој првпат проповедал во ерусалимски храм.

Манастирот е сместен на 8 км западно од Струмица во селото Вељуса. Патот е асфалтиран, но низ селото е тесен и стрмен и не е погоден за автобуси и поголеми возила. Пред манастирот има помал паркинг.

Во Струмица навистина има што да се види и да се посети. Ако овие места се недоволни за вас, можете да ја посетите и црквата „Свети 15 тивериополски маченици“ посветена на култот кон христијаните кои не се откажале од верата, а поради што биле осудени на смрт со обезглавување, комплексот Орта џамија, Струмин гроб – средновековен или антички гроб што се наоѓа на околу 3 километри западно од градот Струмица во близина на селото Баница, Мерата — археолошко наоѓалиште во селото Баница, локалитетот „Свети 40 севастиски маченици“ во с. Банско или, пак, да одморите во близина на акумулациите, односно вештачките езера Водоча и Ново Село.

**Манастир Св. Богородица Елеуса.**
*Извор: wikimedia.org*



# СТУДЕНТИТЕ НА УТМС ВО ПОСЕТА НА ЕГИПЕТ

**Во координација со деканот Граматниковски, избирајќи дестинација за последното патување со студентите, едногласно изборот падна на Египет, затоа што барем еднаш во животот мора да се посети лулката на денешната цивилизација. Мотото на туристичката индустрија во Египет е „Египет, од каде што започнува сè“ (анг.: Egypt — Where It All Begins).**






Возбудата кај студентите пред полетување од Меѓународниот аеродром Скопје.



Посета на џамијата Ал Мина во Хургада.

Патувањето во Египет не беше само за авантура и за истражување, тоа беше и културно доживување. За време на престојот, студентите имаа можност да се нурнат во богатата египетска култура, уживајќи во традиционалната кујна, доживувајќи ги традиционалната музика и танц и интеракцијата со пријателски настроените локални жители.

Имавме разгледување на градот Хургада и го посетивме неговиот симбол, џамијата Ал Мина.



Авантура со џипови на пустинско сафари.

Пустинското сафари за студентите беше вистинска авантура, максимален адреналин со возењето на џипови и на мотори со четири тркала. Посетата на бедуинското село беше запознавање со начинот на живот што го практикуваат бедуините, далеку од денешната цивилизација. Исто така, за многумина прво искуство што ќе им остане уште долго во сеќавање, беше и јавањето камили во пустина.



*Целото патување во Египет беше едно интересно искуство, да се доживее потполно различен свет од овој во кој живееме ние. Црвеното Море е познато по коралните гребени кои го одземаат здивот, па снорклингот на отворено море е моментот што ќе го паметам.*
*Без разлика дали сте страстен нуркач, авантурист во потрага на возбуда или едноставно барате мирно бегство, Црвеното Море и Хургада нудат извонреден спој на природни чуда и топло гостопримство.*
*А пустинското сафари во Хургада останува трајна трага во душите на авантуристите кои имаат доволно среќа да го искусат.*

Марија Спиркоска, студент


Максимален адреналин на мотори на четири тркала.

Незаборавно искуство - јавање камила во пустина.


EGYPT 2023



Пред Големата пирамида, едно од старите седум светски чуда.



Истражувајќи ги мистериите на Големата пирамида.

Го посетивме и местото каде што познатиот војсководец и освојувач Наполеон Бонапарта им се обратил на своите војници покажувајќи кон пирамидите: „Војници, запомнете дека од врвовите на овие големи пирамиди ве набљудува четириесетвековна историја". Студентите на кратко беа во улога на Индијана Џонс и ја истражуваа мистеријата на големата пирамида, едно од седумте стари светски чуда зачувани до денешен ден. Во живо го видовме најпознатото парче на египетската уметност, златната погребна маска на Тутанкамон, еден од преку петте илјади експонати изложени во Египетскиот музеј во Каиро.



Студентката Ангела и Големата сфинга.





"

*Целта на посетата беше повеќе од забавен релаксирачки карактер. Уште на аеродромот се почувствува атмосфера на заедништво, сплотеност и радост што ни се укажа можноста да посетиме една ваква земја. Ова чувство нè држеше за време на цел престој во Египет. Имено, вториот ден бевме на сафари. Возењето со џипови и организираната програма беа преубави. Посебно нешто што ја краси земјата се пирамидите, кои исто така ги посетивме – прекрасни се во својот изглед и изработка. Програмски на крај ја посетивме плажата Парадајс, каде што имавме можност да се запознаеме со целокупниот морски свет кој живее во Црвеното Море. Оваа посета е огромен предизвик за нас да дадеме свој придонес и да го прошириме видикот на нашето делување и просперитет. Огромна благодарност до Универзитет Скопје што на овој начин придонесува своите студенти да го имаат светот поблиску до себе и да се оформат во вистински градители од пошироки размери.*

Бојана Богоеска, студент



Посета на Египетскиот музеј во Каиро.



Покачен адреналин со лет со падобран на вода.

И за крај, патувањето немаше да биде комплетно ако не го посетивме Рајскиот Остров и ако не се нурневме во живописниот свет на риби и морски корали во Црвеното Море.

Додека нивното време во Хургада се приближуваше кон крајот, студентите размислуваа за неверојатните спомени што ги создадоа.  Оваа патување не само што го прошири нивното знаење, туку и всади длабока почит за убавината и различноста на Египет.

Со срца полни со задоволство и благодарност, студентите се збогуваа со Хургада, понесувајќи со себе ризница спомени и искуства што ќе останат со нив засекогаш. Нивното патување во Египет не беше ништо помалку од несекојдневно, оставајќи неизбришлива трага во нивните животи и поттикнувајќи ја нивната желба за идни истражувања.

Во изминатите 17 години, Универзитетот Скопје има реализирано преку 70 наставно-научни практикуми, од кои на шеесеттина сум учествувал како креатор, организатор и реализатор. Со сигурност можам да кажам дека ова беше едно од најдобрите патувања и би сакал да истакнам дека на Универзитетот Скопје студираат најдобрите студенти во Македонија. До следно патување.

М-р Горан Апостоловски

Вистинско уживање на Рајскиот Остров.





Евоцирање спомени од прекрасните моменти во вечерните часови.



*Му благодарам на целиот персонал на нашиот Универзитет Скопје предводен од ректорот проф. д-р Аце Миленковски. Им благодарам и на сите кои беа вклучени во организацијата на екскурзијата во Египет. Но, посебна благодарност имам за сите што беа на оваа прекрасна екскурзија во Египет.*

*Дали треба да зборувам за поминатите денови во прекрасниот Египет (Хургада)? Не, не треба ништо да се зборува! Сѐ може да се објасни само со еден збор – ПРЕКРАСНО!*

Христијан Сибиновски, студент

Во живописниот подводен свет помеѓу рибите и морските корали.










# ПАВИЧЕВИЌ: "ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ГО ПРОДОЛЖУВАМ НА ХАРВАРД

Амбициозен и одличен ученик, стипендист на прворангираниот универзитет во светот, „Харвард“ во САД, граѓански активист, колумнист. Лука Павичевиќ е еден од најперспективните млади луѓе во Република Македонија. Поранешен претседател на Сојузот на средношколци, сега пред ново животно поглавје и предизвик за студии на најпрестижниот светски универзитет. Смета дека македонското образование ќе мора да претрпи коренита и темелна промена ако сакаме да го подобриме квалитетот на нашиот образовен систем. *„Не постои ниту еден млад човек што ја напуштил нашата земја бидејќи не ја сакал, туку тој бил приморан да се исели поради нефункционалноста на системот во сите пори од општественото живеење“*, порачува овој млад човек, кој по десет години сака да живее во Македонија каде што способноста и талентот ќе имаат примат над партиската припадност и семејните конекции.

# ТЕМА
# Интервју со Лука Павичевиќ



**Павиќевиќ, јавноста Ве препознава како поранешен лидер на средношколците. Веќе сте матурант и пред нови предизвици. Како почнаа вашите општествени активности и еден сублимат за средношколските денови?**

Како стипендист на Фондацијата „Борис Трајковски“, гимназиското образование го завршив во Меѓународното училишта „НОВА“, каде што годинава матурирав на темата „Одржливоста на апсолутизмот во 17. век во Англија по Граѓанската војна и реставрацијата низ призмата на уставната моќ на монархот“. Во 2021 година со трудот „Британската трговска политика по Брегзит: пристапување кон Договорот за пацифичкото партнерство“ се стекнав со два факултетски кредита при Колеџот Оберлин. Јас сум независен истражувач, пишувам колумни на теми од јавен интерес за повеќе домашни и регионални медиуми. Високото образование годинава го продолжувам на Универзитетот Харвард како стипендист на Факултетот за науки и уметности при истиот универзитет. Како што наведовте и во воведот на ова интервју, јас бев претседател на Сојузот на средношколци од 2021 до 2023 година. Во текот на овие две години, дадовме предлози за подобрување на образованието: законот за средношколска демократија, законот за бесплатен јавен превоз за сите средношколци, белата книга за демократско-граѓанско образование и препораки за нов модел на работа на стручните служби.

Исто така, служев и како главен и одговорен уредник на мојот училиштен весник „НОВА Тајмс“. Во ова својство, го водев и го координирав процесот на пишување и објавување на седум од вкупно единаесет изданија, а ја интервјуирав и Наташа Ашгар, првата жена-пратеничка од етничко малцинство во Велшкиот парламент, инаку членка на Конзервативната партија. Три учебни години бев секретар на ученичкиот совет во моето училиште, Гимназијата „НОВА“.

Поради членството на „НОВА“ во Асоцијацијата на училишта во Централна и Источна Европа (CEESA), имав можност повеќепати да учествувам во меѓународни натпреварувања. Имам еден златен и два сребрени медали по дебата, но и бронзен медал на меѓународниот турнир во општо знаење (CEESA Academic Bee).

Членував и во советодавниот одбор за алатката „U-Report“ на УНИЦЕФ, како и во тимот „УРА“ на проектот за медиумска писменост „Младите размислуваат“. На 31 октомври 2022 година станав член на



Павичевиќ: „Добри резултати се постигнуваат само со напорна работа и трудољубивост.“

МЕНСА Македонија.

Од академска гледна точка, решив своето образование да го надоградувам и надвор од училиштето. Добив целосна стипендија да учествувам во Истражувачката програма „Pioneer“. Под менторство на професорот Игор Логвиненко, го напишав трудот „Британската трговска политика по Брегзит: пристапување кон Договорот за пацифичкото партнерство“, за што добив и два факултетски кредити. Учествував и во летната школа на Универзитетот „Јеил“, како и во Школата за политика и критика 2022 на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје.

Во текот на моето средно образование, запливав и во академските води. Во 2021 година, го презентирав мојот истражувачки труд за посетата на Маргарет Тачер на Македонија во 1980 пред Здружението на историчари на Северна Каролина, а на 31 мај 2023 година заедно со група автори составена од еминентни универзитетски професори и новинари, го објавивме првиот Речник на медиумската писменост на македонски јазик.

**Што Ве инспирираше да аплицирате на најголемите светски универзитети и како стигнавте до стипендија?**

Бев инспириран од желбата да се здобијам со најдоброто образование што може светот да ми го понуди, но ме поттикна и предизвикот да се натпреварувам на глобалната сцена. Себеси се сметам за компетитивна личност, така што, знаејќи дека на истиот универзитет студирале 8 претседатели на САД и 49 добитници на Нобеловата награда, се мотивирав уште повеќе. Инспирацијата секако е важна, но не е клучна. Добри резултати се постигнуваат само со напорна работа и трудољубивост.

Што се однесува до стипендијата, „Харвард“ нуди стипендии исклучиво од финансиска природа. Имаат политика на покривање

на сите трошоци поврзани со студирањето за сите примени кандидати ако нивното домаќинство не остварува приходи повисоки од 85 илјади американски долари годишно. Универзитетот смета дека финансиите не треба никому да му бидат (дополнителна) пречка за упис на посакуваниот факултет, бидејќи стапката на прием на „Харвард“ веќе е премногу ниска – оваа година беше само 3,41 отсто.

**Што мислите за основното и за средното образование во Република Македонија? Кои се, според Вас, силните и слабите страни на образовниот систем?**

Сметам дека македонскиот образовен систем е на прилично незавидно ниво. На сите нам ни е јасно дека квалитетот на наставата што се нуди е навистина низок, а, впрочем, ова го потврдуваат и сите релевантни меѓународни тестирања и мерења. Понатаму, образованието се соочува со структурни тешкотии, што од аспект на инфраструктурата и училишните згради, што од аспект на содржината на програмите и ефективноста на нивното изучување. Ваквите проблеми се од врзан карактер. На пример, човек не може да очекува дека ќе има осовременување на изучувањето на предметите од природните науки ако притоа училиштата не се опремени со соодветни лаборатории и инструменти. Истовремено, сè додека не се обезбедат овие нужни помагала, секоја најавена реформа во наставната програма би била неизводлива, т.е. реформата ќе постои исклучиво на хартија.

Силната страна на нашиот образовен систем е фактот дека со години организираме настава од речиси сите научни области, што значи дека државата поседува значително искуство за сè што треба учениците да знаат. Од друга страна, пак, долги години наставниот кадар не е соодветно обучуван ниту пак му е дадена можноста професионално да се надоградува. Иако се организираат некакви обуки, никој не ја мери нивната ефективност. Изминатите децении доведоа наставниот кадар да стане пасивен и да не ги надоградува активно своите знаења, додека делот од наставниците што сакаат да бидат во чекор со времето, ја немаат оваа можност.

Останатите слаби страни на македонскиот образовен систем се, како што спомнав и погоре, недостигот од инфраструктура, застареноста на материјалот, неефективното пренесување на знаењата и на вештините, како и неквалитетната проверка на наученото, неможноста на учениците да учествуваат во одлучувањето и затрупаноста на стручните служби со административна работа.

**Што треба да се подобри во образовниот систем?**

Накратко, многу работи. Шегата на страна, сметам дека македонското образование ќе мора да претрпи коренита и темелна промена ако сакаме да го подобриме квалитетот на нашиот образовен систем.

Потребно е државата да инвестира во обновување на училишните згради, училниците, наставните помагала и лабораториите, како и во физичката состојба на учебниците. Исто така, повеќето од училишните згради не се пристапни за учениците со попреченост, па и ова мора да се промени. Со ова прашање треба да се занимава државата, а не поединечните вработени, служби и ученици.

Наставните програми се исто така застарени. Образованието не поттикнува критичко мислење, туку помнење и реплицирање на информации. Докажано е дека ова е проблематично, но теориската дебата во образованието меѓу знаењето и вештините ја сметам за вештачка. Едноставно, човек не може да даде свој критички придонес кон наставната материја ако претходно не е запознаен со потребните информации за дадената ситуација. Оттука, македонското образование треба да им ги даде потребните податоци (читајте знаење) на своите ученици, но и да ги научи како да ги анализираат,

***Би сакал да живеам во Македонија каде што граѓаните нема да бидат неми сведоци туку активни чинители. Би сакал да живеам во Македонија каде што способноста и талентот ќе имаат примат над партиската припадност и семејните конекции. Во Македонија каде што образованието, здравството и животната средина ќе бидат на многу повисоко ниво од сега.***



евалуираат и да ги применат овие податоци (читајте вештини).

За да се случи ова, потребно е да се работи со наставниот кадар и со педагошките факултети. На став сум дека двете поголеми реформи во нашето образование беа неуспешни бидејќи токму ова го превидоа. Наставниците не знаеја како, а ниту ги имаа потребните услови како да ја спроведат програмата „Кембриџ“. Сметам дека истата судбина ѝ претстои и на новата Концепција за основното образование, чија заложба за интердисциплинарност ќе се претвори во редуцирана мултидисциплинарност бидејќи никој не ги обучи наставниците да ги предаваат новите предмети, биле тие „Природни науки“ или „Историја и општество“.

**Дали планирате да се вратите во Македонија по завршувањето на високото образование во странство?**

Пред да одговорам на Вашето прашање, би се осврнал на моите планови за понатамошното студирање. Имено, американскиот универзитетски систем налага да се изучуваат предмети од сите области во првата година од додипломските студии, а кандидатот се фокусира на полето на концентрирање во текот на останатите три години. Јас би сакал да студирам Историја.

По завршувањето на додипломските студии, планирам да се запишам на шестгодишната постдипломска програма што Харвард ја нуди, која ќе ми овозможи да се стекнам и со докторат по Историја и со американската правна диплома (Juris Doctor, JD). Последователно, оваа програма ми дозволува да работам и како универзитетски професор и како адвокат.

Дури по завршувањето на овие студии, јас би размислувал дали би се вратил во Македонија или би останал во странство. Сметам дека е премногу рано да се произнесам со крајна одлука, имајќи на ум дека човек никогаш не знае што ќе му донесе животот. Затоа претпочитам да се движам чекор по чекор.

**Какви услови треба да се создадат во државата за да се намали иселувањето на младите и за да се мотивираат кадрите кои се образувани во странство да се враќаат во Македонија?**

Ајде најпрвин да разгледаме зошто се иселуваат младите од Македонија. Според мене, три причини се клучни: корупцијата, партизацијата и неискреноста. Сметам дека





не постои ниту еден млад човек што ја напуштил нашата земја бидејќи не ја сакал, туку тој бил приморан да се исели поради нефункционалноста на системот во сите пори од општеството живеење.

Корупцијата и партизацијата се присутни секаде, во сите сектори – од високата политика преку образованието, здравството и културата, до комуналната хигиена и администрацијата. Изборот на подобните наместо способните го донесе македонското општество до целосна дисфункционалност. Неискреноста јас ја изедначувам и со активистичкиот фетиш на нашите политички елити. Наместо да ги засукаат ракавите и да ги решат проблемите бидејќи ја имаат моќта тоа да го сторат, тие само констатираат дека работите се лоши, а тоа сите го знаат! Оттука, младите не гледаат надеж дека состојбата ќе се подобри, та решаваат својата иднина да ја гледаат во некоја друга земја.

Заклучно, мора да постои искрена волја меѓу политичките елити за суштинско решавање на нашите предизвици и проблеми преку искоренување на корупцијата и департизација на сите сектори во македонското општество.

**Во претходните интервјуа имате споменато дека ја почитувате историјата како „наука над науките“. Како го гледате Вие минатото на Македонија и што од искуствата од историјата би можело да придонесе за подобра сегашност и стабилна иднина?**

Историјата ја почитувам како наука над науките бидејќи за разлика од сите останати науки што имаат определен – да не речам ограничен – домен, историјата ја содржи целокупноста на човековото постоење. Историските процеси значително влијаат врз денешницата, а лекциите што минатото ги содржи се патоказ за подобра иднина.

Секому му е јасно дека нашето минато е тешко, но едно искуство што го согледувам е дека нам ни недостига единство за клучните прашања на дадениот историски момент. Сеприсутната поделеност дополнително нè ослабува и не дозволува коренито решавање на проблемите, туку нивно ставање под тепих. Ваквата состојба мора да биде надмината ако навистина сакаме да ги подобриме сегашноста и иднината. Насушно ни е потребен консензус за најважните прашања како сега, така и историски.



Павичевиќ: „Би сакал да живеам во Македонија каде што способноста и талентот ќе имаат примат над партиската припадност и семејните конекции.“

**Во каква Македонија би сакале да живеете по 10 години?**

Би сакал да живеам во Македонија каде што граѓаните нема да бидат неми сведоци туку активни чинители. Би сакал да живеам во Македонија каде што способноста и талентот ќе имаат примат над партиската припадност и семејните конекции. Во Македонија каде што образованието, здравството и животната средина ќе бидат на многу повисоко ниво одошто се сега. Во Македонија каде што етничката припадност и религијата нема да бидат одлучувачкиот фактор ниту пречки за меѓучовечките односи, туку само уште еден податок за една личност, која општеството ќе ја вреднува според нејзините професионални и морални одлики, како и посветеноста кон подобрувањето на својата татковина – Македонија.

**Што би им порачале на младите, а што на повозрасните кои ќе го читаат ова интервју?**

Доколку во изминативе години сега веќе возрасните и родителите научија дека сè што имаш во животот се заработува со чесна работа, без клиентелизам и без партиска припадност, сите ќе успеевме да воспитаме генерации кои така ќе постапуваа кон себеси и своите поколенија. Не велам дека сите постапувале на погрешен начин, но фактите говорат дека значителен дел од населението така правело.

Во ваквото општество е многу тешко да им се покаже на учениците кој е правилниот начин на однесување и на работење. Речиси е невозможно да се убедат дека талентот и квалитетот секогаш ќе испливаат на површината.

Со овие искривени вредности и порастот на социјалните медиуми, сè почесто се јавува еден налудничав натпревар за што поголем број следачи и моментална атракција, која наметнува едноумие, еднoличност и конформизам. Затоа бидете свои, бидете некоформисти, бидете убави луѓе во вистинската смисла на овој збор – добри личности со цврст морал.

**Што би изјавиле за случајот со препишување на државната матура кој одекна во јавноста?**

Да не се повторувам, но тоа што се случи претставува пропаст на нашата колективна свест и совест. Вината им припаѓа на сите – и на тие што препишувале и на тие што дозволиле да се препишува. Масовното препишување нема само морален туку и емотивен аспект. Па зарем не е тажно да се заврши задолжителното образование со измама? Како се гледаат професорите и учениците меѓусебно знаејќи дека воспитно-образовниот процес потфрлил во двата дела на оваа кованица?

Решението е можно и потребно. Краткорочно, треба соодветно да се имплементираат постојните одредби што се однесуваат на препишувањето и на присуството на телефонските уреди за време на тестирањето. Понатаму, итно треба да се воведе новата Концепција за матурата која предвидува сите четири предмети да се полагаат екстерно во големи училишни простории, какви што се спортските сали, читалните и холовите.

Долгорочно, треба да се прошири скалата на оценување бидејќи постојната не ги рефлектира соодветно знаењата на учениците. На пример, сегашната скала (1 до 5) треба да биде заменета со поширока скала (1 до 7, до 9 или до 12), која ќе овозможи поголемо разликување меѓу оценките. Впрочем, ова е препорака на ОЕЦД. Исто така, притисокот за „сите петки“, меѓу другото, е создаден од моделот на упис во средното образование и на факултетите, имајќи предвид дека сегашните модели ги вреднуваат само просечните оценки на кандидатите. Потребен е холистички пристап при уписот.

Не мислам дека враќањето на интерните испити е вистинското решение, оти кој ќе гарантира дека и таму нема да се препишува? Има и други причини за моево мислење, но зошто Македонија мора да биде исклучокот кога матурските испити се спроведуваат насекаде во светот?!



# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## ДОЦ. Д-Р ВИКТОРИЈА ТРАЈКОВ,

**кариерен дипломат и стратешки соработник за меѓународна политика на Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ**



# ТРАЈКОВ: ВО МАКЕДОНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ВЛАДЕЕ НЕПОТИЗАМ И ПАРТИЗАЦИЈА

**„*За да водиш дипломатија и за да ги браниш интересите на својата земја, што е примарна цел на секој дипломат, многу е важно да си ја сакаш својата држава и да си добар познавач првенствено на нејзината историја*“, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, доц. д-р Викторија Трајков, кариерен дипломат и стратешки соработник за меѓународна политика на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Таа смета дека во моментот македонската надворешна политика ја водат „скромноумници“ кои не влегле во библиотека и не знаат ништо за македонската историја.**

**Како дипломат од кариера и познавач на состојбите во надворешната политика, може ли една генерална оцена за состојбите во македонската дипломатија?**

За жал, она што го гледаме од претставници на моменталната власт кога ќе ја поминат границата на Македонија е само однесување на агенти на добро организирана туристичка агенција. Шетаат по продавници и кафани, трошат пари од државни картички, како да се голи и гладни. Освен период на историска срамота за Македонија и Македонците, не видовме ништо друго. Во моментот, македонската надворешна политика ја водат „скромноумници“ кои не влегле во библиотека, а дома ја немаат. Не знаат ништо за македонската историја, не прочитале ништо од архивите за својата земја, а веројатно ја прескокнале и фазата во животот каде што се учи основата, кој бил окупатор, кој тиранин, кој колел и бесел и во каква положба бил нивниот народ, македонскиот. Следствено на тоа, имаме комплетно дисфункционален систем за одбрана на






Панел-дискусија за состојбите во македонската дипломатија.



македонските национални интереси. Како професор, ако треба да оценам, не би дала ни шестка на „стаклени нозе". Како судија во име на македонскиот народ, црвен картон без размислување!

### Што се случува во моментов во МНР?

Во моментов, но и во последните 6 години од кога е оваа гарнитура на власт, ние имаме дипломатија во која владеат непотизам и партизација, се ангажираат вработени по нивно пензионирање со изговор дека не може да се најдат соодветни замени, се доделуваат награди како додаток на плата на одредени вработени без релевантни критериуми, се злоупотребуваат службени возила за партиски цели, се прават поделби на подобни и неподобни дипломати и се занемаруваат трудот, искуството и работата на дипломати од кариера кои се повеќе од 20 години во дипломатската служба. Злоупотреба на државни средства од страна на неколку амбасадори, но и дипломати од понизок ранг за кои нема никаква разрешница. Тука би го спомнала и случајот со државниот секретар во МНР, кој воедно е и претседател на Комисијата за надворешна политика на СДСМ, што претставува директно прекршување на Законот за надворешни работи. Во Членовите 63-а и 63-ѓ од Законот за надворешни работи, експлицитно е наведено дека вработен во МНР не смее да биде член на орган на политичка партија на републичко ниво, како што е случајот со државниот секретар. За да биде скандалот уште поголем, тој во својство на претседател на Комисијата за надворешна политика на СДСМ оди во посета на соседна држава со службено возило од МНР и носи со себе вработени од МНР кои сите ние ги плаќаме. Имаме ситуација каде што амбасадорот при ОН во Њујорк воопшто не се појавува на работа од првиот ден кога е таму пратен. Понатаму, имаме пример на злоупотреба на буџетски средства и недомаќинско работење, каде што за амбасадорот во Вашингтон се исплаќаат огромни средства за кирија, а таму имаме резиденција за амбасадор во сопственост на Република Македонија која седи празна затоа што на човекот не му се допаѓало да живее таму. Најнов пример, сега актуелен е амбасадорот во Токио. Против човекот се води постапка и е вратен во земјава поради физички напад и недолично

однесување. Сумирано, состојбите во македонската дипломатија се повеќе од катастрофални.

**Македонија го почна скрининг-процесот со ЕУ. Но, се чини дека односите со Република Бугарија во последно време се затегнаа. Како, според Вас, на дипломатски начин и со посредство на европската дипломатија, најлесно би можеле да се надминат овие несогласувања?**

Македонија го започна скрининг-процесот, но ветувањата дека ќе бидеме членка на ЕУ до 2030 година се небулозни и несериозни за секој оној кој е свесен дека дома никој не сака да прибере корумпирани гости кои го злоупотребуваат гостопримството на домаќинот во секој можен сегмент. Така е и со приемот на Македонија во ЕУ. Многу брзо заборавaме дека визната либерализација која ја добивме во 2007 година беше резултат на континуирана и макотрпна работа на тогашната владина гарнитура на ВМРО-ДПМНЕ. Европското семејство не може да ве награди доколку вие не се потрудите да покажете одлични резултати.

Во однос на спорот со Бугарија. Мојот личен став, првенствено потпишувањето на т.н. Договор за пријателство, добрососедство и соработка од каде што сè почна, е класично велепредавство на Македонија и на македонскиот народ. Прво е национално штетен, морално неприфатлив, прави упад во уставниот поредок на нашата држава, нелегален е и неприфатлив за мнозинството Македонци кои си ја сакаат државата. Уште на самиот негов почеток погрешно се дефинираат работите. Вели: „заеднички стремеж на народите?". Има два народа – РАЗЛИЧНИ: бугарски и македонски. Но, намерно или не, уште во самиот вовед на Договорот недостасува МАКЕДОНСКИОТ народ, за мене клучен збор што го нема во самиот Договор, кој не вреди да продолжам понатаму да го читам.

Околу несогласувањата и внесување на Бугарите во Уставот на РМ, ставот и на ВМРО-ДПМНЕ и на претседателот Мицкоски е јасен и недвосмислен - НЕ за нивно внесување под бугарски диктат. Уставот да се отвори одложено т.е. при непосредното зачленување на Македонија во Европската Унија. Сметам дека европската дипломатија е доволно силна и доволно искусна да помогне за зачувување на Македонија и на македонскиот идентитет без посебни услови на одредена држава, во случајот Бугарија, која во 21 век зборува за минато, а не за иднина.

**ЕУ во повеќе наврати ја критикуваше нашата земја околу владеењето на правото и корупцијата. Тоа се сегменти на кои ќе мора уште многу да се работи за да се приближат кон ЕУ-регулативите. Како ја оценувате Вие ситуацијата поврзана со овие две теми?**

Јасно се гледа дека корупцијата и криминалот во Македонија, како и невладеењето на правото практично се клучните проблеми зошто имаме економска стагнација и зошто луѓето се отселуваат. Губат надеж дека може да биде подобро бидејќи очигледно е дека имаме определена политичка елита која орбитира околу владата на ДУИ поддржана од СДСМ, и таа е практично заштитена како бела мечка што и да направи, каков било криминал, таа останува неказнета. Младите ја напуштаат државата во поголем процент заради дисфункционален систем, небезбедност, национални понижувања и економски крах на секое поле. Подобра иднина е невозможна сè додека има криминал и корупција.

**Украина повеќе од една година е под руска агресија. Кој е вашиот став и дали е можно решение наскоро?**

Имајќи го предвид новото геополитичко статус кво не само во регионот туку на целото евроазиско тло, единствено што можеме да кажеме е дека НАТО е единствената, како воена така и политичка структура што може да обедини група на држави во конкретниот


Доц. д-р Викторија Трајков,
професор на Универзритетот Скопје.

*„Македонската дипломатија има прекрасни луѓе што се вистински професионалци, знаат да си ја работат својата работа и доколку се искористат во процесот, македонската дипломатија нема да има проблем. Избор на прави луѓе, на право место. ВМРО-ДПМНЕ има човечки капацитет и визија, веднаш по преземањето на власта, да ја направи Македонија подобро место за живеење.*

план да дејствуваат во однос на агресија од трети страни. Ако го земеме предвид тоа дека руската агресија над Украина создаде  нарушување на еквилибриумот на меѓународните односи, тоа само по себе не води до теоријата на анархијата на Кенет Волтс, што означува сама по себе дека во самата таа анархија владее системот на сила. Накратко би сакала да се осврнам и на позициите на ВМРО-ДПМНЕ во овој контекст. ВМРО-ДПМНЕ како државотворна партија од самиот почеток, а следствено и историското ВМРО, секогаш стои на своите евроатлантски позиции. Така било пред 50 години, пред 30 години, така е и денес. Членството на Македонија во НАТО и идното членство во ЕУ се нашите врвни приоритети како партија. Се разбира, нашата улога како партија на народот и за народот е да работиме на зачувување на интегритетот и на суверенитетот на оваа земја, но и да критикуваме кога некој има скриени намери во искрената желба нашата земја да биде дел од големото европско семејство. Во однос на руската агресија врз Украина, нашиот став кој во неколку наврати го потенцираше и претседателот Мицкоски е јасен и постојан! Силно ја осудуваме агресијата врз невини луѓе. Ние стоиме заедно со украинскиот народ, со луѓето кои ги загубија своите домови поради политички и геостратешки



Панел-дискусија за состојбите во македонската дипломатија.



претензии и децата кои страдаат за своите родители. Се надевам дека во иднина, наместо на војни, главниот фокус ќе биде на растот и развојот на социо-економски план.

**Македонскиот дипломатски синдикат постојано алармира за неправедност и партизација на МНР. Имаат ли шанса за напредок во кариерата за вистинските професионалци?**

Неорганизирањето обуки за високи дипломатски звања, иако со закон е предвидена обврска, е само еден од начините за спречување на кариерниот пат на дипломатите кои работат во институцијата. Исто така, попустливост и без никаква завршница на скандали поврзани со злоупотреби на своите позиции на високи партиски функционери на гарнитурата на власт кои се наградени да бидат дел од амбасадорските позиции, се големо разочарување за кариерните дипломати кои ѝ го посветиле својот живот на професијата.

**Која би била Вашата препорака за подобрување на состојбите во дипломатијата во периодот што следува?**

**Кои се неопходните чекори?**

Прво, за да водиш дипломатија и за да ги браниш интересите на својата земја, што е примарна цел на секој дипломат, треба многу да си ја сакаш својата држава и да си добар познавач првенствено на нејзината историја. Македонската дипломатија има прекрасни луѓе, кои се вистински професионалци, знаат да си ја работат својата работа и доколку се искористат во процесот, македонската дипломатија нема да има проблем. Второ, зголемување на платите на дипломатите, добивање на заслужени унапредувања и регрутирање на млади генерации кои се посветени на странски јазици, меѓународни односи и економска дипломатија. Избор на прави луѓе, на право место. Искористување на веќе пензионираните дипломати по пат на волонтирање, а по примерот на многу странски држави, е исто еден од начините за успех. Формулата е таа, треба само да се има желба да се промени нешто. ВМРО-ДПМНЕ има човечки капацитет и визија, веднаш по преземањето на власта, да ја направи Македонија подобро место за живеење.

# КАКОВ ТУРИЗАМ НУДАТ МАКЕДОНИЈА И РЕГИОНОТ?

**Туристичките агенции и оваа туристичка сезона имаат полни раце работа по речиси крахот што го доживеаја најмногу за време на ковид-кризата. Аранжманите за јуни и за јули се распродадени, сега се нудат тие за август. Магазинот за туризам и менаџмент ја анализира летната сезона во Македонија, што нуди нашата земја и што нудат земјите од регионот. Во зависност од вкусот и од можностите за патување, дали повеќе се претпочита езерски или морски туризам, некои ќе летуваат во домашните туристички центри, а некои ќе ги одберат плажите во Грција, Албанија, Црна Гора, Хрватска, Бугарија.**

## Многу наши ја „милуваат“ и Црна Гора

Информациите што доаѓаат од Црна Гора и од Хрватска велат дека овие дестинации годинава ќе бидат прескапи, но, секако има туристи кои Црна Гора им е задолжителна дестинација за одмор.

Не е лесно да се изберат најдобрите туристички дестинации во Црна Гора, но добрата работа е што можете да имате каков вид на одмор сакате.



**Котор.**
*Извор: We seek travel*

## Котор

Заливот Котор е една од највозбудливите дестинации во светот. Сместен помеѓу високите планини и кристално чистите води, овој скриен скапоцен камен во Црна Гора е совршено место за бегство од метежот и вревата на секојдневниот живот.

Без разлика дали сте љубител на историјата или едноставно барате одмор за одмор, во Которскиот залив има по нешто за секого. Од истражување на шармантниот стар град и неговата неверојатна архитектура до уживање во лежерно возење со брод по заливот, сигурно ќе создадете незаборавни спомени во овој идиличен амбиент. Котор мора да биде на која било топ листа туристички дестинации во Црна Гора. Бродовите за крстарење застануваат тука во текот на летото и можете да најдете секакви тури и активности. Внатре во градот ќе најдете многу ресторани, продавници и знаменитости како музеи и цркви. Дел од шармот на градот е тоа што не е целосно преземен од туристите. Мештаните сѐ уште доаѓаат овде на кафе секој ден, тие сѐ уште живеат во градот, а тука се и канцелариите на локалната самоуправа.

## Пераст

Пераст е шармантен град сместен во срцето на Которскиот залив во Црна Гора и дефинитивно вреди да се посети. Со своите живописни улици, шарени згради и прекрасни погледи на заливот и околните планини, Пераст е вистинско доживување. Градот е познат по својата богата историја и култура, со многу прекрасни цркви и музеи за истражување. Но, можеби најдобриот дел од Пераст е опуштената и пријателска атмосфера на градот.

Без разлика дали талкате по улиците, уживате во оброкот во локален ресторан или едноставно седите покрај водата и гледате, во Пераст ќе се чувствувате како дома.



**Пераст.**





**Херцег Нови.**
*Извор: Daily Sabah*

## Херцег Нови

Познат како „градот од 100.001 чекор", Херцег Нови е релаксиран и автентичен крајбрежен град на влезот од Которскиот залив. Со најдобрите плажи во заливот, шармантниот стар град и автентичната атмосфера, Херцег Нови е на листата за посета. Без разлика дали сте заинтересирани за историја, култура или едноставно уживање во сонцето, ќе најдете многу што ќе ве забавуваат во овој шармантен град. Од прошетка по шеталиштето на брегот и восхитување на прекрасното море и околните планини до пиење кафе на плоштадот Белависта во стариот град и откривање на неговите многубројни скриени богатства, Херцег Нови е место кое нуди релаксиран престој и најмногу сонце во Црна Гора.

## Будва

Будва е еден од најубавите и најживите градови на неверојатното крајбрежје на Црна Гора и е совршено место да се доживее уникатниот спој на историја, култура и модерност што ја карактеризира оваа неверојатна земја. Со прекрасните плажи, шармантниот стар град и живиот ноќен живот, Будва има по нешто за секого.

Стариот град е лавиринт од тесни улички и улички кои водат до скриени плоштади и прекрасни историски градби, додека шеталиштето на брегот е обложено со барови, ресторани и кафулиња кои оживуваат ноќе со музика и смеа. Без разлика дали сакате да го истражите богатото културно наследство на градот, да уживате во сонцето на плажа или да се забавувате цела ноќ со пријателите, Будва е вистинското место.

**Будва.**
*Извор: Hotels.com*





**Тиват.**
*Извор: getlstd-property-photo*

## Тиват

Некогаш, Тиват беше непривлечен град полн со сиви станбени блокови. Пристигнувањето на Порто Монтенегро( новиот центар на џет сетот) и неговата прекрасна архитектура, палми и блескави супер јахти го трансформираа Тиват во една од најжешките дестинации во Црна Гора. Тиват има одлични меѓународни ресторани, многу настани и е блиску до Котор и Будва.

## Свети Стефан

Свети Стефан е живописно островче на Будванската ривиера и е една од најубавите и најромантичните дестинации во земјата. Островот е тврдина од 15- ти век која е претворена во луксузно одморалиште, со прекрасни вили и куќи кои нудат неверојатен поглед на Јадранското Море.Без разлика дали сакате да се опуштите и да уживате во сонцето на плажите со розови камчиња или да ја истражувате шумата и блиските населби, Свети Стефан е совршено место за опуштање и полнење на батериите.



**Свети Стефан.**
*Извор: placesofJuma*

## Бар

Бар е жив и автентичен крајбрежен град лоциран во јужниот дел на Црна Гора и е совршено место да се доживее уникатниот спој на историја и култура што ја карактеризира Црна Гора. Градот е дом на импресивен средновековен стар град кој нуди прекрасни пејзажи, како и голем број одлични ресторани и кафулиња каде што можете да пробате вкусна локална кујна и да уживате во пијалок со пријателите. Тоа е исто така дом на едно од најстарите маслинови дрвја во светот и долгото крајбрежје на плажи.



**Бар.**
*Извор: Franks Travelbox*

## Хрватска – скапа ама прекрасна за летување

**Турнејата низ Хрватска од север кон југ во потрага по најубавата плажа е патување долго повеќе од 600 километри. Да, бидејќи плажите од соништата во Хрватска се многу и расфрлани низ целата земја, па затоа за одмор на плажа подобро е да се концентрирате на една област наместо да одите горе-долу и да губите многу време на патување. Областите долж хрватскиот брег (од север кон југ) се Истра, Кварнерскиот Залив, Централна Далмација и Јужна Далмација.**

**Која од овие е најдобрата област за одмор на море во Хрватска? Прекрасни плажи има насекаде, а одлуката каде да одите зависи од капацитетите што сакате да ги најдете и од типот на одмор што сакате да го имате. За да ви помогнеме во изборот, еве еден мини-водич за хрватското крајбрежје поделено на три макро-зони (север, центар, југ).**





## Истра и северниот хрватски брег (Пула, Ровињ, Риека, Опатија, Крк, Раб, Пореч, Новиград)

Добра причина за изборот на Истра и северниот брег на Хрватска е долгата традиција на хотелско гостопримство во областа. Во места како што се Пула, Ровињ и Пореч, сигурно ќе најдете широк избор на хотели, кампови и соби за изнајмување со различни цени, со опции погодни за семејства, пријатели и парови и сите услуги што ќе ви бидат потребни за одмор на море без стрес. До островот Крк може да се стигне со еднодневно патување од хрватското крајбрежје, без да се земе ферибот. Ако сакате песочни плажи или ги претпочитате затоа што се побезбедни за децата, изберете го Раб- тука ќе ги најдете најдобрите плажи за вас.

**Ровињ.**
*Извор: Rovinjdinstorbyferie.no*





**Хвар.**
*Извор: LonelyPlanet*

## Задар и централниот брег (Задар, Паг, Сплит, Хвар, Брач, Макарска, Вис)

Ако го изберете овој брег, можете да ги комбинирате деновите на плажа со културни посети на прекрасниот Сплит и Задар.Можете да останете во кој било од овие градови и да се одморите на плажите во околината, но ова се препорачува само за оние кои уживаат во градскиот живот. Препорачаните области за одмор на плажа во централна Хрватска се островите и Макарска ривиера.

Највисокото место за оние кои бараат прекрасни плажи е островот Брач, каде што ќе ја најдете плажата Златни Рат, која според многумина е најубавата плажа во Хрватска, како и други прекрасни плажи. Друг природен рај се островите Корнати, до кои може да се стигне со брод од Задар. За оние кои не сакаат преполни одморалишта, препораката е Дуги Оток: тој е најголемиот остров во регионот на Задар и сè уште е малку познат по масовниот туризам. Друга опција за вас е хрватскиот остров Вис. Доколку, пак, го сакате социјалниот живот, идеалниот остров за вас е Хвар, погоден и за оние кои сакаат да се почестат со престој во луксузен хотел. Островот за млади луѓе кои бараат забава и ноќен живот е Паг.

## Дубровник и јужниот брег (Дубровник, Корчула, Мљет)

Дубровник може да се пофали со прекрасните градски плажи и е одлична дестинација за оние кои сакаат да комбинираат море и разгледување знаменитости или за оние кои ја посетуваат Хрватска без автомобил. Најдобрата локација за одмор на море во јужна Хрватска, сепак, е островот Корчула, кој има голем број и разновидни плажи измиени од чисто сино море. Само краток морски крак го дели овој остров од полуостровот Пељешац, уште една област со висока концентрација на плажи од соништата. Исто така многу убав, но поексклузивен и поскап е островот Мљет, фасцинантно место каде доминантни бои се зелената на медитеранската вегетација и сината боја на морето.



**Дубровник.**
*Извор: ThePlanetD*

# Македонските туристи повеќе преферираат зимски наместо летен туризам во Бугарија

**Во последните неколку години првата асоцијација за патување во Бугарија е посета на зимските туристички центри. За разлика од мноштвото понуди за зимскиот период, за летување, во изминативе неколку години нема некој голем интерес за летување во Бугарија . Но, тоа не значи дека  оваа земја не привлекува туристи на брегот на Црното море. Поморскиот град Варна и неговиот приморски ривал Бургас се меѓу најживите градови во Бугарија.**



**Варна.**
*Извор: kongres-magazine.eu*

## Варна

Варна е многу повеќе од само  туристичко место за одморалиште  на Црното Море. Со долга и воодушевувачка историја, многу распаднати римски бањи и разработена православна архитектура,  градот им се допаѓа на љубителите на историјата и на културните мршојадци, како и на трагачите по сонцето. Се разбира, плажите сè уште се голем фактор, а на раздвиженото шеталиште ќе најдете многу ресторани за морска храна и коктел барови, додека ноќните клубови се отвораат откако ќе се стемни.





## Бургас

Бургас е една од омилените порти кон јужните делови на брегот на Црното Море. Заедно со добрите транспортни врски, морскиот излез, развиената индустрија и во исто време зачуваната историја, во денешно време Бургас е и атрактивна дестинација за туристите. Градот и регионот нудат разновидни туристички опции: морски туризам, културен туризам со повеќе музеи и културни локалитети, здравствен и СПА туризам, орнитолошки, туризам за дегустација на вино итн. Во текот на летната сезона Бургас се претвора во фестивалски центар.

**Бургас.**
*Извор: hotelscombined.com*





**Сончев брег.**
*Извор: ABA Travels*

## Сончев брег

Сончев брег е приморско одмаралиште на брегот на Црното Море. Создаден во 1958 година како викенд одмор за бугарските семејства, денес стана најголемо туристичко место за одмор во земјата. Првично, мало одмаралиште покрај плажа прерасна во широк спектар на рекреативни активности и услуги, казина. Брзиот раст го прави најголемото одмаралиште на целиот брег на Црното море, а на југ комплексот се спои со градот Несебар.

## Несебар

Несебар е секако еден од најволшебните и најнезаборавните градови на бугарскиот брег. Познат е по воодушевувачкиот центар на УНЕСКО каде слоевите тракиски урнатини се мешаат со впечатливите цркви изградени помеѓу 5-тиот и 10-тиот век. Несебар е едно од најистакнатите туристички дестинации и поморски пристаништа на Црното Море. Едноставно кажано - ова не смее да се пропушти!

**Несебар.**
*Извор: visitnessebar.bg*





Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


Т ЗА ТУРИЗАМ
АЏМЕНТ
ОПЈЕ

# Superbrands

UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC